# НЕЗАВИСНОСТ НА СУДСТВОТО

## ПРАВНА АНАЛИЗА

**Декември 2009**

Organization for Security and
Co-operation in Europe
**Spillover Monitor Mission to Skopje**

Содржината на оваа публикација не мора да значи дека секогаш ги одразува погледите и ставовите на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје

# СОДРЖИНА


ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ... 4

ПРЕДГОВОР ... 5

КРАТКО РЕЗИМЕ ... 7

ВОВЕД ... 9

СЕГМЕНТ I: ПРАВНА РАМКА ... 12

ПОГЛАВЈЕ 1: МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ... 12

ПОГЛАВЈЕ 2: ДОМАШНА ПРАВНА РАМКА ... 14

2.1 Општо за независноста на судството ... 14

2.2 Судии ... 14

а) Избор и разрешување ... 14

б) Мандат ... 15

в) Дисциплински мерки ... 16

2.3 Судски совет ... 17

2.4 Судски буџет ... 18

2.5 Плати на судиите ... 18

2.6 Академија за обука на судии и јавни обвинители ... 19

2.7 Здружение на судии на Република Македонија ... 20

СЕГМЕНТ II: НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ... 21

ПОГЛАВЈЕ 1: НАДВОРЕШНИ ВЛИЈАНИЈА ... 21

ПОГЛАВЈЕ 2: УЛОГА НА СУДСКИОТ СОВЕТ ... 26

ПОГЛАВЈЕ 3: ПЛАТИ ... 33

ПОГЛАВЈЕ 4: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И РАБОТНИ УСЛОВИ ... 35

Стручна обука ... 35

Опрема за работа ... 35

Судски буџет ... 36

Физичка безбедност ... 38

ПОГЛАВЈЕ 5: ЗДРУЖЕНИЕ НА СУДИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ... 39

ПОГЛАВЈЕ 6: ТРАНСПАРЕНТНОСТ ... 40

Распределба на предметите ... 42

ЗАВРШНИ ЗАБЕЛЕШКИ ... 43

# *Листа на кратенки*

| | |
|---|---|
| **Академија** | Академија за обука на судии и јавни обвинители |
| **ССБ** | Совет за судски буџет |
| **Совет на обвинители** | Совет на јавни обвинители на Република Македонија |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **Судски совет** | Судски совет на Република Македонија |
| **МАС** | Меѓународна асоцијација на судии |
| **ЗСРМ** | Здружение на судии на Република Македонија |
| **МП** | Министерство за правда |
| **ЗЈОРМ** | Здружение на јавни обвинители на Република Македонија |
| **ОН** | Обединети нации |

## Предговор

Правото на граѓанинот, да му суди независен и непристрасен судија, претставува гаранција на општеството дека судската власт ја исполнува должноста што ѝ е доверена со Уставот и дека тоа право на граѓанинот е подигнато на највисоко ниво, со неговото гарантирање и доследна примена на Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права, како и со сите други документи на Советот на Европа, вклучувајќи ги и бројните препораки на Комитетот на министри и бројните заклучоци на мултилатералните состаноци.

Овие документи претставуваат широка платформа и извор на правни норми, за уставно и законито уредување на принципите на независност на судството и судијата. Овие документи, дозволуваат да се имаат предвид реалните услови во секоја држава и даваат правец и ориентација за унапредување на процесите за изградба на елементите на судската власт, со можност за што пошироко прифаќање на институционалните принципи за независно судство.

Независноста на судството како институција, се огледа во неговата независност и самостојност, во однос на органите на законодавната и извршната власт, но и во однос на политичките партии, државните и сите други институции, центри на моќ, јавно мислење и во однос на сите други извори на можни притисоци.

Состојбата на судската независност во една земја не се одредува само со законите кои се однесуваат на ова прашање. Таа е резултат на почитувањето на независноста на судството во праксата, на условите и на околностите под кои се спроведува правдата. Судиите не се независни само затоа што законот тоа го вели. Тие пресудуваат врз основа на законот и фактите, само доколку се чувствуваат сигурни и добро заштитени од обидите за влијание при нивното одлучување.

Независноста на судијата како личност се огледа во неговата решеност да ја брани независноста и самостојноста на судството и секогаш да суди по закон, во сите случаи и во секоја прилика, без оглед на последиците. Оттука, перцепцијата на судиите за нивната независност е исто толку суштинска за независноста на судството, колку што е и правната рамка.

Независната положба на судијата е загарантирана со Уставот, домашните закони и меѓународните договори ратификувани со Уставот, кои обезбедуваат: објективни постапки на избор и разрешување, неограничен мандат, непроменливост и неподвижност, имунитет и плата што гарантира сигурна, самостојна и независна материјална и социјална положба и др.

Резултатите од спроведената анкета треба да се гледаат низ контекст на прикажување една слика за независноста на судството во земјата која е доста загрижувачка. Тие покажуваат, дека обидите за влијание врз одлучувањето се случуваат често и во поширок обем. Ова не значи дека тие обиди секогаш или дури и во повеќето ситуации влијаат на текот на судските постапки и одлуки. Но, самиот факт дека овие обиди постојат, остава простор за сомнеж во судскиот систем и независноста на судијата.

До секој од нас како судија, дали преку медиумите или преку нашата практична работа и лични контакти со нашите колеги и со граѓаните, допрела информација, преку која може да се почувствува влијанието што се врши врз судството и судиите.

Читајќи ги согледувањата од Анализата, можеме да си ги поставиме следниве прашања:

Колку може да биде функционален еден систем, во кој обидите за влијание врз судиите се случуваат често, но, истите остануваат незабележани и неказнети? За каква состојба на независност може да стане збор, во еден судски систем, во кој самите судии сметаат дека нивните колеги не се независни? Како граѓаните би можеле да имаат доверба во еден ваков судски систем, кога значаен дел од судиите не веруваат во истиот?

Сите принципи и стандарди, кои се однесуваат на независноста и самостојноста на судството и судиите, не секогаш се применуваат во практиката и не доследно од сите и во сите сегменти. Заради овие недоследности, се поставува прашањето: Што треба да направи во иднина независното судство, за да ги унапреди востановените основи на независноста и самостојноста и да им даде содржина и правец, за натамошно јакнење на својата положба во општеството, со крајна цел за остварување на правата и слободите на граѓаните и сите други субјекти?

За да може да се отстранат ваквите неповолни состојби во остварувањето на независноста и самостојноста на судството и судиите, потребно е и понатаму да се продолжи со развивање и примена на институционалните гаранции. Меѓутоа, сето ова нема да даде резултат, доколку не настанат промени во свеста и однесувањето на судиите и доколку тие самите, не се изборат за своето место и улога во општеството, преку доследна и практична примена на гаранциите за независност, самостојност и непристрасност.

Агим Мифтари,
Судија на Врховен суд на РМ, во пензија

## Кратко резиме

Оваа анализа на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје ги содржи наодите од истражувањето за независноста на судството спроведено низ целата држава, согласно перцепциите и искуствата на судиите во земјата домаќин.

Според домашните и меѓународните правни стандарди, судовите треба да судат ослободени од какви било несоодветни надворешни влијанија. Меѓутоа, наодите од истражувањето покажуваат дека обидите да се влијае врз спроведувањето на правдата се честа практика во земјата домаќин.

Значителен дел од анкетираните судии изјавиле дека биле изложени на обиди за остварување влијание врз нивната работа, особено од страна на извршната власт и политичките партии. Најголем дел од испитаниците, сметаат дека заштитните механизми од надворешните влијанија не функционираат. Судскиот совет, кој е надлежен за многу одлуки, кои се од исклучителна важност за професионалната кариера на судиите, од страна на најголем дел од испитаниците, е перципиран како пристрасна и зависна институција, која и самата е подложна на надворешни влијанија. До одреден степен, условите за работа, а особено ниските плати, потчинетоста од аспект на финансирањето на судовите и можните закани по физичката безбедност, исто претставуваат причина за загриженост во врска со независноста на судството.

Како што е наведено во "Извештајот на Европската унија за напредокот на Поранешната Југословенска Република Македонија за 2009 година": "[…] потребни се континуирани напори" во делот на независноста на судството. Оваа анализа беше направена, со цел да се обезбедат веродостојни податоци, врз кои бе се темелела една отворена расправа за независноста на судството. Во анализата се собрани и оценети одговорите на 421 судии (од вкупно 650 судии во моментов). Овие судии анонимно пополнија прашалник, за тоа како тие гледаат на сопствената независност.

По краткиот преглед на важечките домашни и меѓународни начела, кои се однесуваат на независноста на судството, оваа анализа се фокусира врз наодите содржани во одговорите на судиите.

Првото поглавје се осврнува на постоењето на несоодветни влијанија, како на ниво на перцепција, така и на ниво на лично доживеано искуство. 43% од анкетираните судии, сметаат дека има мешање во работата на судството однадвор и дека таквото мешање влијае врз спроведувањето на правдата[1]. Испитаниците ги сметаат извршната власт и политичките партии за најголем извор на притисоци врз судството.

Во второто поглавје се говори за улогата на Судскиот совет – органот надлежен за одлучување по однос на професионалното напредување и дисциплинската одговорност на судиите. За 66% од анкетираните судии, Судскиот совет не ја извршува соодветно својата функција и не дејствува независно. Друг интересен наод од истражувањето е убеденоста на судиите дека доколку им се зголемат платите нивото на корупцијата би се намалило.

Во третото поглавје од анализата, се прави осврт на условите за работа на судиите. Значаен дел од анкетираните судии се лично задоволни од постојните технички средства со кои располагаат нивните судови. Сепак, 88% од испитаниците сметаат дека постојат недоволно средства за покривање на трошоците за ефективно спроведување на правдата. 83% од испитаниците се на мислење дека судството е

[1]За подетални резултати, погледнете Дијаграм 1 во Сегмент 2.

финансиски зависно (од извршната власт). Значајно е и тоа што малку повеќе од една третина од судиите не се чувствуваат физички безбедни на своето работно место.

Анализата се осврнува и на улогата на Здружението на судии на Република Македонија (ЗСРМ). 77% од испитаниците, сметаат дека ЗСРМ треба да игра поактивна улога во заштитата на судството од нападите врз судската фела и нејзината репутација. Тие се речиси едногласни во оценката, дека Здружението треба да дава поголем придонес во делот на креирање на законодавството.

На крајот, анализата направена од ОБСЕ се осврнува и на нивото на транспарентност на судството. И покрај тоа што значаен процент од испитаниците признаваат дека нивната професија е под надворешни притисоци, тие сé уште веруваат дека довербата што ја уживаат кај јавноста е релативно висока (3.5/5). Што се однесува до можните механизми за зголемување на транспарентноста, помалку од една четвртина од судиите сметаат дека слободниот пристап до судските пресуди би придонел кон зголемување на довербата на јавноста во судството.

Освен што дава една оцена на актуелните состојби во судството на земјата домаќин, оваа анализа е изготвена да даде информации за започнување отворена дискусија меѓу сите засегнати фактори, за тоа кои би биле најделотворните решенија за намалување на влијанијата и мешањето во работата на судството и за надминување на недостатоците на постојниот систем. Еден од резултатите на отворената дискусија треба да претставува и идентификација на законските измени и дополнувања потребни за подобрување на независноста и транспарентноста на судството.

# Вовед

Независноста на судството се смета за основа на владеењето на правото. Бројни меѓународни документи и договори, како на пример Основните начела за судството на Обединетите нации и Европската повелба за статусот на судиите, ја истакнуваат важноста на независноста на судството и ги опишуваат клучните елементи на едно независно судство.

И покрај тоа што не постои јасна дефиниција на терминот „независност на судството“, генерално, може да се каже дека степенот до кој судиите се независни зависи од два фактора[2]:

- начинот на кој судиите се заштитени од несоодветни влијанија, од страна на трети физички или правни лица;
- степенот до кој судиите размислуваат, дејствуваат и одлучуваат самостојно, без да земаат предвид други фактори, надвор од она што значи факти на случајот и примената на соодветниот закон.

Првиот фактор се однесува на правната рамка, но и на самата пракса во рамките на судскиот систем, додека вториот фактор е поврзан со начинот на размислување на судиите. Овие фактори се меѓусебно поврзани. Еден судија нема да се чувствува слободен да одлучува[3] исклучиво врз основа на законот, доколку законската регулатива и условите на службата, не му обезбедуваат доволна заштита од несоодветни обиди за влијаење врз неговите одлуки. Важи и обратното: и најдобрата можна законска регулатива не може да гарантира независни судски одлуки, доколку самите судии не се целосно подготвени да пресудуваат единствено врз основа на законот, наместо да демонстрираат „антиципаторна послушност“ кон надворешните влијанија.

Оттука произлегува дека независноста на судството зависи не само од законската регулатива, туку и од спроведувањето на истата во практика, како и од *перцепцијата* на судиите за нивната независност.

Во повеќе наврати, Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, дојде до сознанија дека голем број судии не секогаш имаат впечаток дека нивната независност се почитува и штити. За време на семинари, тркалезни маси и промотивни настани, припадници на судската фела искажаа поплаки (во многу случаи лично на вработени во ОБСЕ, а не за време на официјалниот дел од настанот) дека се изложени на притисок и дека се чувствуваат исплашени. Исто така, судии, обвинители или адвокати се имаат пожалено до ОБСЕ, притоа изразувајќи загриженост во врска со несоодветни влијанија во конкретни случаи, барајќи средба со ОБСЕ или следење на случаите од страна на ОБСЕ. На овој начин, ОБСЕ дозна за нашироко распространетата загриженост во судството, околу изборот и разрешувањето на судиите, улогата на Судскиот совет и политичкото влијание врз спроведувањето на правдата во голем број случаи.

Во 2008 година, ЗСРМ ги донесе следниве заклучоци и препораки[4]:

> *„Заклучок бр. 8:* Судиите и јавните обвинители при нивната работа се соочуваат со различни притисоци кои влијаат на нивната независност во одлучувањето. Овие притисоци доаѓаат од нивни колеги од повисок ранг, полицијата, државни

[2] Расел и Обрајан (уредници), Независност на судството во ерата на демократијата, 2001.
[3] За полесна читливост на текстот, избран е машки род за именување на судија.
[4] Завршни заклучоци и препораки, проект на ОБСЕ 2600478 „Притвор“, Конечен извештај: објавени и во „Судиски Информатор“ бр. 47 од декември 2008 година.

функционери, партиски активисти, медиумите (преку начинот на известување за одредени притворски предмети) итн.

*Заклучок бр. 11:* Судиите и обвинителите чувствуваат потреба од поголема заштита во извршувањето на нивната функција и непристрасност во вршењето на правосудната функција од страна на нивните професионални здруженија.

*Препорака бр. 7:* Здружението на судии на Република Македонија и Здружението на јавни обвинители на Република Македонија поактивно да се вклучат во заштита на независноста и непристрасноста во извршувањето на правосудната функција. Во случаи на воочена евентуална повреда на независноста и непристрасноста треба да следува соодветна реакција.

*Препорака бр. 26:* Да се организираат семинари, на кои ќе се дискутира сегашната состојба со независноста и непристрасноста на судската функција и интегритетот на судиите и обвинителите, како и семинари на кои ќе се дискутира почитувањето на начелото на „еднаквоста на странките во постапката" во праксата на македонскиот правосуден систем."

И покрај тоа што Судскиот совет е формиран „од судиите за судиите", со состав што ѝ дава мнозинство гласови на судиската фела, во пракса, влијанието на останатите гранки на власта се смета за посилен елемент. Во нашите неформални дискусии, судиите го критикуваат Судскиот совет, како пристрасен и необјективен во постапката на избор и разрешување судии.

Дополнително, во "Извештајот на ЕУ за напредокот на Поранешната Југословенска Република Македонија" за 2009 година се вели: „Министерот за правда даде неколку изјави во јавноста, во врска со одлуки за именување судии, кои би можеле да се сфатат како обид за прекумерно влијание врз Судскиот совет"[5]. Извештајот на ЕУ за напредокот за 2009 година, го изнесува и следниов заклучок: „Остварен е дополнителен напредок кон обезбедување независност на судството, но, сé уште се потребни дополнителни напори."[6]

Овие забелешки претставуваа појдовна основа за оваа анализа. Целта на анализата, е да придонесе кон една отворена дискусија за независноста на судството во земјата домаќин и за предизвиците со кои таа се соочува. Анализата се обидува да ја постигне оваа цел преку обезбедување и дискутирање на објективни и веродостојни податоци кои покажуваат како судиите ги перципираат факторите што се важни за независноста на судството. Отсуството на вакви податоци беше една од главните пречки за одржување дебата во која отворено би се зборувало за проблемите во поглед на независноста на судството во земјата. Се чини дека самиот факт што судиите не се чувствувале добро заштитени и безбедни придонел кон тоа голем број судии да не проговорат отворено за она што ги мачи, а од друга страна, отсуството на отворена критика придонесе лесно да се игнорираат наводите за несоодветни влијанија врз судството.

Оттука, Одделот за владеење на правото при Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, одлучи да спроведе анонимно истражување меѓу судиите со цел да се добие нивното мислење за тоа колку се независни во извршувањето на својата функција. Одделот изготви листа на прашања кои се однесуваат на области што генерално се сметаат од најголемо значење за независноста на судството, како што се: притисоците врз судиите, несоодветните влијанија врз нивното работење, постапките на избор и

[5] Види Сегмент 1 Поглавје 2 за Судии.
[6] Види Анекс 3.

разрешување. Исто така, сакавме да го дознаеме мислењето на судиите и за други фактори кои се важни за нивната независност како што се личниот доход, улогата на Судскиот совет, работата на нивното професионално здружение, финансиската независност на судството, итн[7]. За да се обезбеди валидност на одговорите и можност за статистичка анализа на добиените податоци беше ангажирана професионална компанија која е специјализирана за ваков вид истражувања.

Методологијата за изготвување на Прашалникот беше развиена од страна на компанијата. Суштинскиот аспект на Прашалникот беше изготвен од Одделот за владеење на правото при Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје. Компанијата потпомогна во подобрување на Прашалникот преку додавање контролни прашања со цел да се провери веродостојноста на наодите. Исто така, компанијата беше задолжена да ја изврши и компјутерската статистичка анализа.

Прашалникот беше доставен до сите судии во земјата. Секој прашалник беше испратен во запечатен плик, со адресата на ОБСЕ и печат на него. Учесниците имаа можност прашалникот да го вратат назад по пошта, анонимно и запечатен. На овој начин, се обезбеди пополнетите прашалници да дојдат до ОБСЕ без каква било можност за манипулирање со резултатите. Од вкупно испратените 650 прашалници, ОБСЕ назад прими 421 одговорени прашалници. Откако пристигнаа резултатите на адресата на ОБСЕ истите беа обработени од страна на компанијата која изврши статистичка евалуација на наодите. Овој статистички преглед[8] послужи како основа за анализата.

Овој документ има за цел да ги објасни и продискутира наодите од истражувањето низ призмата на националната законска регулатива за независноста на судството и со осврт на меѓународните стандарди. Главната целна група се домашните заинтересирани фактори вклучувајќи ги судиите, членовите на Судскиот совет и владините претставници. Сепак, овој документ може да биде корисен и за меѓународната заедница и за останатите кои се вклучени во процесот на поддршка на судските реформи во земјата домаќин. За да даде што поцелосна слика, документот нуди и еден краток осврт на законските одредби и на институциите што се релевантни за независноста на судството.

[7] Целосниот Прашалник испратен до судиите е даден во Анекс 1 кон оваа анализа.
[8] Целосниот статистички преглед изготвен од страна на ангажираната професионална компанија е прикажан како Анекс 2 кон оваа анализа.

# СЕГМЕНТ I: ПРАВНА РАМКА

## Поглавје 1: Меѓународни стандарди

Независноста на судството се смета за основа на владеењето на правото. Бројни меѓународни договори и документи ја истакнуваат исклучителната важност на независноста на судството. Во Основните начела за независноста на судството на Обединетите нации се вели: „Државата е должна да ја гарантира независноста на судството, која треба да биде заштитена во Уставот или законите на земјата. Сите владини или други институции, се должни да ја почитуваат и штитат независноста на судството"[9]. Правото да се биде суден од страна на независен суд е заштитено во Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), која земјата домаќин ја има ратификувано во април 1997 година, како и во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.

Сè уште не постои општа теорија или заеднички прифатена дефиниција за независноста на судството[10]. Сепак, неколку меѓународни документи ги утврдуваат клучните елементи на независноста на судиите.

Во 1983 година, првата Светска конференција за независноста на судството се одржа во Канада. На неа беше усвоена Универзалната декларација за независноста на судиите, во која се вели: „Секој судија е слободен, а должност на судиите е да одлучуваат во случаите, кои ги судат непристрасно, во согласност со нивната проценка на фактите и нивното разбирање на законот, без какви било ограничувања и влијанија, директни или индиректни, од која било страна или заради која било причина". Универзалната повелба за судиите истакнува: „Судијата, како носител на судиската функција, мора да биде во можност да ги извршува судските надлежности ослободен од социјален, економски и политички притисок и независно од другите судии и од судската администрација".

Судската независност може да се гарантира, само доколку рамката, во која судиите ги извршуваат нивните функции, обезбедува доволно заштитни механизми, против обидите несоодветно да се влијае врз спроведувањето на правдата. Повторно, разликите меѓу националните судски надлежности и правни системи не дозволуваат да се даде една универзална формула за тоа кои сè услови мора да бидат исполнети, за да се каже дека судството е независно. Како и да е, постојат одредени фактори, кои одредуваат дали правната рамка во една земја ги обезбедува потребните услови за независно судство.

За подетално анализирање на прашањето на судската независност, мора да ги разгледаме пресудите на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во случаите *Кемпбел и Фел против Обединетото Кралство*[11] и *Инкал против Турција*[12], каде ЕСЧП ги има утврдено ***условите (критериумите) за „независност" на судството***[13], кои го опфаќаат следново: начинот на именување на судиите,

[9] Основни начела за независност на судството на Обединетите нации, усвоени од страна на седмиот конгрес на Обединетите нации за превенција на криминалот и постапување со престапниците, одржан во Милано од 26 август до 6 септември 1985 година, одобрени со резолуциите на Генералното собрание 40/32 од 29.11.1985 и 40/146 од 13.12.1985 година.

[10] Расел, „Кон една општа теорија на независноста на судството", стр. 1, во: Расел и Обрајан (уредници): Независноста на судството во ерата на демократијата, 2001.

[11] Кемпбел и Фел против Обединетото Кралство, пресуда на ЕСЧП од 28.06.1984, *(предмет број 7819/77; 7878/77),* став 78.

[12] Инкал против Турција, пресуда на ЕСЧП од 09.06.1998, *(предмет број 41/1997/825/1031),* став 65.

[13] С. Тречсел: Човековите права во кривичната постапка; (Oxford University Press, 2005); стр. 53-54

времетраењето на нивниот мандат, гаранциите против надворешни притисоци и дали судското тело оддава впечаток на независност[14].

- ***Начин на именување на судиите*** – постои универзално сфаќање дека процесот на избор на судиите заснован врз нивна политичка блискост, врз некој основ за дискриминација, не земајќи го предвид нивниот интегритет, стручност и соодветни квалификации и исклучувајќи го судството од процесот на именување на судиите, нема да се препознае како процес што ги исполнува критериумите за независност.[15] Начелото 10 од Основните начела за независност на судството не предлага некаков ексклузивен начин за избор на судиите, но вели: *„ кој било метод на избор на судиите, треба да штити од именувања на судии, мотивирани од несоодветни побуди”.*[16]

- ***Времетраење на мандатот*** – ЕСЧП во многу наврати го има разгледувано прашањето на времетраењето на мандатот на судиите кои работат во националните судови. И покрај тоа што генерално фиксните мандати на судиите се сметаат за гаранција против надворешни влијанија, нема конкретна бројка на години на траење на мандатот како неопходен минимум.[17] Како резултат на тоа, Судот има утврдено дека шестгодишни мандати[18], па дури и тригодишни мандати на судиите[19] се доволни во контекстот на обезбедување гаранции во однос на членот 6, став 1 од ЕКЧП.

- ***Заштита од надворешен притисок*** – ова е тесно поврзано со мандатот на судиите затоа што ги ограничува можностите за нивно отстранување од служба.[20] Овој критериум е дополнително зајакнат со начелото 12, кое гласи: *„Судиите, без оглед дали се именувани или избрани, имаат загарантиран мандат до возраста за задолжително пензионирање или до истекувањето на мандатот, таму каде што постои таков.“* [21] Неподвижноста на судиите според ЕСЧП не мора да биде формализирана под услов истата да се запазува *де факто* и да постојат и други гаранции.[22]

- ***Оддавање впечаток на независност*** – ова прашање, од аспект на судската пракса на ЕСЧП се чини дека е многу блиско и испреплетено со начелото за непристрасност. Оддавањето впечаток на независност се покажа од клучна важност во неколку случаи во контекстот на одредувањето дали едно формирано тело претставува „суд” за целите на членот 6, став 1 од ЕКЧП.[23]

Покрај овие фактори, други меѓународни документи ја посочуваат важноста на платите на судиите и на условите на службата, како релевантни фактори, кои одредуваат дали судиите се доволно заштитени од несоодветни влијанија.

---

[14] ЕСЧП, Кемпбел и Фел против Обединетото Кралство (предмет број 7819/77,7878/77), пресуда од 28.06.1984, став 77.
[15] С. Ставрос: Гаранциите за обвинетите според членот 6 од Европската конвенција за човекови права; (Martinus Nijhoff Publishers, 1993); стр. 127
[16] Основни начела за независноста на судството на Обединетите нации, усвоени од страна на Седмиот конгрес на Обединетите нации за превенција на криминалот и постапување со престапниците и одобрени со резолуциите на Генералното собрание 40/32 од 29.11.1985 и 40/146 од 13.12.1985 година
[17] А. Гротриан: Член 6 од Европската конвенција за човекови права – Правото на правично судење; (Издавачко-документациска служба на Советот на Европа, 1994); стр. 29
[18] Л Комт, Ван Лојвен и Де Мејере против Белгија, пресуда на ЕСЧП од 23.06.1981 година *(Тужба бр. 6878/75; 7238/75);* став 57 во врска со став 26
[19] Срамек против Австрија, пресуда на ЕСЧП од 22.10.1984, *(Тужба бр. 8790/79),* став 37 во врска со став 26
[20] С. Тречсел: Човековите права во кривичната постапка; (Oxford University Press, 2005); стр. 55
[21] Основни начела за независноста на судството на Обединетите нации, усвоени од страна на Седмиот конгрес на Обединетите нации за превенција на криминалот и постапување со престапниците и одобрени со резолуциите на Генералното собрание 40/32 од 29.11.1985 и 40/146 од 13.12.1985 година
[22] Кемпбел и Фел против Обединетото Кралство, пресуда на ЕСЧП од 28.06.1984, *(предмет број 7819/77; 7878/77),* став 80
[23] К. Рид: Водич за практичари за Европската конвенција за човекови права; (Sweet and Maxwell Ltd, 2ро издание, 2004); стр. 114

# *Поглавје 2: Домашна правна рамка*

## 2.1 Општо за независноста на судството

Независноста на судството е загарантирана со Уставот[24] и законите.

Членот 98, став 2 од Уставот гласи: „Судовите се самостојни и независни". Уставот, исто така, содржи заштитни механизми за независноста на судиите, како што се неограничениот мандат (до пензионирање), заштита од преместување против волјата на судијата и нивен имунитет[25].

Самостојноста и независноста на судовите, повторно се споменува во Законот за судовите[26], каде експлицитно е наведено дека: „*Се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција, по кој било основ и од било кој субјект*"[27].

Кривичниот законик предвидува затворска казна до три години за секој кој ќе присили судија или судија-поротник да стори или не стори нешто[28]. Поткупување на судија или обидот за такво нешто е казниво според Членот 358 од Кривичниот законик.

## 2.2 Судии

Судиската функција во земјата домаќин ја извршуваат професионални судии. Во одредени случаи предвидени со закон, во правораздавањето учествуваат и судии-поротници. Постојат посебни одредби, кои го уредуваат изборот и наградувањето на судиите-поротници. Согласно законот, во случаите во кои судиите-поротници се вклучени тие дејствуваат со целосен капацитет на судија. Правилата во врска со независноста и непристрасноста се однесуваат и на судиите-поротници на ист начин како и на професионалните судии.

### *а) Избор и разрешување*

Судиите ги избира Судскиот совет.[29]

- Професионални судии

Постапката што ја предвидува законот за изборот на професионални судии се разликува по тоа дали се работи за судии во основен суд или во повисоките судови.

Што се однесува до слободните работни места во основните судови, Судскиот совет на секои две години утврдува колку работни места за судии ќе се отворат во следните две години и за тоа ја информира Академијата за обука на судии и јавни обвинители (Академијата). По оваа одлука, огласи за пополнување на тие работни места се објавуваат во Службен весник и во дневните весници. Судиите се избираат од редовите на оние кандидати кои ја поминале почетната обука на Академијата и аплицирале за вработување согласно објавениот оглас.

---

[24] Устав на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 52/91, 31/98, 91/01.
[25] Член 98 и 99 од Уставот на РМ.
[26] Член 1 став 2 од Законот за судовите, Службен весник на РМ бр.58/2006.
[27] Член 11 став 2 од Законот за судовите, Службен весник на РМ бр.58/2006.
[28] Член 375 од Кривичниот законик, Службен весник на РМ бр.19/2004.
[29] Член 105 од Уставот на РМ и Член 31 од Законот за судскиот совет, Службен весник на РМ бр.60/2006.

Почетната обука за кандидатите на Академијата трае 15 месеци и опфаќа настава во траење од 5 месеци во Академијата и практична обука во суд, односно обвинителство, во траење од 10 месеци.[30] Кандидатите, кои се заинтересирани за посетување почетна обука на Академијата, мора да имаат завршено правен факултет, мора да го имаат положено правосудниот испит и да стекнале една година работно искуство од полагањето на испитот. Исто така треба да имаат активно познавање на еден од светските јазици. Постапката на избор започнува со јавен оглас каде се наведува бројот на слободни места. Комисија составена од членови предложени од страна на Судскиот совет, Министерот за правда и Советот на јавни обвинители, ги избира најсоодветните кандидати притоа земајќи го предвид и начелото за правична и соодветна застапеност на граѓаните кои припаѓаат на заедниците во земјата домаќин.

Примените кандидати се оценуваат врз основа на оценките добиени за време на обуката на Академијата и за време на практичната обука, како и врз основа на оценката од завршниот испит кој мораат да го полагаат. Согласно ова оценување Академијата составува листа на кандидати која се доставува до Судскиот совет. Судскиот совет ги избира кандидатите кои се јавиле на јавниот оглас и се наоѓаат на споменатата листа.

За судија во повисок суд (апелационен, врховен) не е задолжително да се помине почетна обука на Академијата.

Освен општите услови, како што се поседувањето државјанство на земјата, активно владеење на македонскиот јазик, положен правосуден испит итн., законот утврдува и нивоа на искуство кои мора да се поседуваат за да се биде избран за судија. На пример, кандидатите за судии во апелационите судови мора да имаат најмалку 5 години работно искуство на правни работи по положен правосуден испит.[31]

Слободните места за судии во повисоките судови или во Управниот суд се огласуваат во Службен весник и во дневните весници. По огласот, Судскиот совет ги избира најсоодветните кандидати за слободните места врз основа на критериуми пропишани со закон, како што се стручните познавања, вештините на изготвување пресуди, односот кон работата итн.[32]

Судскиот совет решава за изборот на одреден судија, со двотретинско мнозинство.

- Судии-поротници

Судиите-поротници ги избира Судскиот совет, по предлог на претседателот на надлежниот основен и апелационен суд.[33] Судиите-поротници мора да бидат полнолетни, да имаат завршено најмалку средно образование, активно да го владеат македонскиот јазик, да не се постари од 60 години и да уживаат углед за вршење на оваа функција.[34]

### *б) Мандат*

Професионалните судии се избираат за неограничен мандат, кој трае[35] сè до исполнувањето на условот за старосна пензија (64 години за мажи, 62 за жени). Пред тоа, до престанок на нивната функција може да дојде само поради причини утврдени во законот (на пример: осудителна пресуда за кривично дело, на барање на судиите,

[30] Член 38 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители , Службен весник бр. 13/2006.
[31] Член 6, став 1, алинеја 2 од Законот за измени и дополнувања на Законот за судовите, Службен весник на РМ бр.35/2008.
[32] Член 41 од Законот за судовите, Службен весник на РМ бр.58/2006.
[33] Член 46 од Законот за судскиот совет, Службен весник на РМ бр.60/2006.
[34] Член 48 од Законот за судовите, Службен весник на РМ бр.58/2006.
[35] Член 99 од Уставот на РМ.

трајно губење на способноста за извршување на судиската функција). Судиите можат да бидат разрешени како последица на сторена дисциплинска повреда и поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Судиите-поротници се избираат за време од 4 години и може повторно да бидат избрани.[36]

### *в) Дисциплински мерки*

Против судиите може да бидат изречени дисциплински мерки за неисполнување на должностите. Законот разликува дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

За случаите на дисциплинска повреда, законот ги предвидува следниве мерки:

- писмена опомена;
- јавен укор;
- намалување на платата во висина од 15% до 30% од месечната плата на судијата, во траење од еден до шест месеци.

Во случај на сериозни дисциплински повреди и нестручно и несовесно вршење на судиската функција, судиите се разрешуваат.

Членот 75 од Законот за судовите опишува што значи „нестручно и несовесно вршење на судиската функција". Како поведение, кое одредбата од овој член го подведува под нестручно и несовесно вршење на судиската функција, се наведуваат следниве примери: пристрасно водење на судската постапка, оддолжување на судската постапка без постоење законски основ, намерно повредување на правилата за правично судење, јавно изнесување информации и податоци за судски предмети за кои не е правосилно одлучено и други.

Органот надлежен за дисциплински постапки против судиите е Судскиот совет. Постапката ја покренува член на Судскиот совет, претседателот на судот, претседателот на повисокиот суд или со одлука, донесена на општа седница на Врховниот суд.

Судскиот совет формира Дисциплинска комисија, која ја спроведува дисциплинската постапка. Комисијата му дава на судијата, чие однесување е предмет на разгледување, можност да се изјасни во врска со барањето за поведување дисциплинска постапка. Доколку сака, судијата може да ангажира бранител. Дисциплинската комисија собира информации и докази и доставува предлог до Судскиот совет, дисциплинската постапка да биде спроведена или запрена. Во случај Судскиот совет да одлучи постапката да биде спроведена, оваа одлука му се доставува на предлагачот на постапката и на судијата, а досието ѝ се предава на Дисциплинската комисија, која ја спроведува постапката. Деталите се уредени во Правилникот за постапката за дисциплинска одговорност на судиите[37]. Постапката може да заврши со нејзино запирање, со изрекување дисциплинска мерка или со разрешување на судијата. Судиите имаат право на жалба против оваа одлука. За жалбата одлучува совет, формиран од страна на Врховниот суд. Советот го сочинуваат тројца судии од Врховниот суд, четворица судии од Апелационите судови и двајца судии кои работат во истиот суд како и судијата кој ја изјавил жалбата.

---

[36] Член 49 од Законот за судовите, Службен весник на РМ бр.58/2006.
[37] Службен весник на РМ бр.15/2007.

Во 2008 година, 8 судии биле разрешени поради нестручно и несовесно работење по покренувањето на постапките против нив во 2007 година.

Во 2008 година биле покренати 14 постапки за нестручно и несовесно извршување на судиската функција. Во два случаи, постапките биле прекинати, затоа што самите судии побарале да бидат ослободени од судиската функција. Две постапки биле водени против претседатели на судови. Во еден од тие случаи, постапката довела до разрешување на судијата, а во другиот случај судијата дал оставка како претседател на судот, но не бил разрешен како судија затоа што не биле исполнети законските услови за разрешување. Покрај тоа, спроведени се 4 постапки за утврдување дисциплинска одговорност на судиите.

## 2.3 Судски совет

Телото надлежно за избор и разрешување на судиите, за утврдување дисциплинска одговорност на судиите, за разгледување на случаи околу имунитетот на судиите и други одлуки релевантни за судиската професија е Судскиот совет[38]. Судскиот совет во сегашниот состав – составен од 15 членови и со проширени надлежности – беше формиран во 2006 година, следејќи ги трендовите во многу европски земји, а со цел, зајакнување и заштита на независноста на судството.[39]

Претседателот на Врховниот суд и министерот за правда се членови на Судскиот совет по функција, а судиите од своите редови избираат осум членови. Тројца членови ги избира Собранието, а двајца ги именува претседателот на земјата домаќин.

Постапката за избор на членови од редовите на судиите е регулирана во Законот за Судскиот совет. Судскиот совет формира комисија, која ги подготвува кандидатските листи и посебна комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите. Кандидатите мора да имаат пет години судиско искуство и мора да добивале позитивни оценки за нивното работење, три последователни години. Изборот се спроведува со тајно гласање и под надзор на Комисијата за избор, формирана од страна на Судскиот совет.

Членовите на Судскиот совет, кои ги избира Собранието – било директно или по предлог на претседателот на земјата домаќин - се од редот на универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници. Тие се избираат на иста собраниска седница, која мора да се одржи во рок од најмногу 30 денови од изборот на членовите на Советот, што се избираат од страна на сите судии.

Членовите на Судскиот совет се избираат за мандат од шест години, со право на уште еден избор. На членовите на Советот, кои се членови по функција, со престанок на функцијата, им престанува и мандатот во Советот. Престанок на мандат на член на Советот е можен во случаи утврдени со закон, како што се исполнување на условите за старосна пензија, давање оставка, осудителна пресуда за извршено кривично дело.[40]

Седниците на Судскиот совет се јавни. Сепак, јавноста може да биде исклучена заради заштита на угледот и интегритетот на судиите на кои се однесува постапката ако така одлучи Судскиот совет со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број

[38] Член 105 од Уставот на РМ.
[39] Член 46 од Законот за судски совет, Службен весник на РМ бр.60/2006.
[40] Член 30 од Законот за судскиот совет, Службен весник на РМ бр.60/2006.

членови на Советот[41]. Дисциплинската постапка против судии е од доверлив карактер и се води без присуство на јавноста.[42]

## 2.4 Судски буџет

Судовите се финансираат од судскиот буџет, кој исто така обезбедува финансирање и за Судскиот совет, Советот за судски буџет (ССБ) и Академијата. Судскиот буџет е дел од буџетот на државата.

ССБ има задача да ги изврши подготвителните работи во поглед на утврдувањето на судскиот буџет. Тој има претседател и десет члена. Претседателот на Врховниот суд е претседател на ССБ. Други членови се претседателот на Судскиот совет, Министерот за правда, претседателите на апелационите судови, претседателот на Управниот суд, четворица претседатели на основните судови и директорот на Академијата.

Во координација со Министерството за финансии, ССБ изготвува образец за буџетирање, кој ги содржи главните насоки за финансиските планови на судовите. Овој образец се дистрибуира до сите судови. Во него, исто така, се објаснува методологијата за изработка на финансиските планови.

Секој суд доставува до ССБ буџетско барање врз основа на образецот. ССБ ги обработува овие информации и изготвува нацрт-буџет што му го доставува на Министерството за финансии, а ова пак го вклучува судскиот буџет во државниот буџет и го доставува до Владата на усвојување. Постои утврдена горна граница за судскиот буџет во случај побараниот судски буџет да ја надминува оваа граница, Министерството за финансии доставува известување до Владата и буџетот се скратува.

## 2.5 Плати на судиите

Наградувањето на судиите е уредено во Законот за платите на судиите[43]. Платите се пресметуваат врз основа на два параметри:

- просечната нето плата во земјата во претходната година[44];
- коефициент, кој зависи од мноштво различни фактори, кои влијаат врз сложеноста на задачите на еден судија и од неговиот обем на работа.

Коефициентот се движи меѓу 2,8 и 3,7 во зависност од:

- видот на судот во кој работи судијата (Основен суд, Основен суд со проширена надлежност, Апелационен суд, Управен суд, Врховен суд);
- специјализираниот судски оддел (кривична област, граѓанска област, прекршоци);
- внатрешните должности во судот (претседател на: суд, оддел, одделение и совет);
- професионалното искуство;
- постигнатите резултати во вршењето на судиската функција.

---

[41] Член 33 од Законот за судскиот совет, Службен весник на РМ бр.60/2006.
[42] Член 55 од Законот за судскиот совет, Службен весник на РМ бр.60/2006.
[43] Закон за платите на судиите, Службен весник на РМ бр.110/2007.
[44] Просечната нето плата во декември 2008 година изнесувала 17.363 денари, што е отприлика 283 евра (извор: Државен завод за статистика, www.stat.gov.mk .

*Пример: Судиите во Основните судови со основна надлежност, добиваат плата во износ од просечната плата во државата за последната година, помножено со коефициент 2,8, додека за судиите во Врховниот суд коефициентот изнесува 3,4.*

Покрај ова, судиите имаат право и на дополнителни бенефиции и надоместоци за храна и превоз, до и од работното место, како и на отпремнина во износ од две просечни плати.

Платите пресметани врз основа на Законот за платите на судиите, не може да се намалат со други закони или одлуки на други државни органи. Намалување на плата е можно, само како дисциплинска мерка, со одлука на Судскиот совет *(погледнете го делот 2.3 за Судскиот совет).*

## 2.6 Академија за обука на судии и јавни обвинители

Орган надлежен за обезбедување обука на претставниците на правосудството е Академијата за обука на судии и јавни обвинители. Таа беше формирана со Законот за Академијата за обука на судии и јавни обвинители донесен во 2006 година[45], со цел, истата да придонесе за стручно, непристрасно и независно вршење на судската и обвинителската функција преку обезбедување обука на судиите и јавните обвинители.[46]

Академијата обезбедува почетна обука на кандидати за судии и обвинители, кои имаат завршено правен факултет, како и постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите.

Кандидатите за судии во основните судови, мора да ја поминат почетната обука на Академијата и да го положат завршниот испит, за да ги исполнат условите за вработување. Во декември 2008 година, првата генерација од 27 идни судии и обвинители ја заврши почетната обука на Академијата. 27-те нови кандидати од втората генерација започнаа со почетната обука во септември 2008 година.

За постојните судии и јавни обвинители, задолжителни се од 15 до 50 часови годишно постојано стручно усовршување, во зависност од нивниот стаж[47]. Во 2008 година, Академијата понудила вкупно 221 обуки (што изнесува 2298 часови обука) на 4.723 учесници на обуките. На овој начин, 85% од судиите и јавните обвинители го имаат исполнето неопходниот минимум за обука, утврден со закон.[48]

Академијата има својство на правно лице, со седиште во Скопје. Таа се финансира од судскиот буџет на државата домаќин. Академијата може да добива финансиски средства и од трети лица, под услов тоа да не влијае врз нејзината независност.[49] Во 2009 година, буџетот на Академијата изнесуваше околу 450.000 евра. Покрај овие средства, голем број семинари и обуки беа спроведени со помош добиена од меѓународната заедница.

Органи на Академијата се Управниот одбор, директорот, извршниот директор и Програмскиот совет.[50] Највисокиот орган на Академијата е Управниот одбор, составен од 11 членови – претставници од Врховниот суд, Јавното обвинителство на Република Македонија, пониските судови и јавни обвинителства, Министерството за правда,

[45] Службен весник на РМ бр. 13/2006.
[46] Член 2 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители , Службен весник бр. 13/2006.
[47] Член 43 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители, Службен весник бр. 13/2006.
[48] Годишни извештаи за работата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2007 и 2008 година.
[49] Член 30 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители , Службен весник бр. 13/2006.
[50] Член 7 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители , Службен весник бр. 13/2006.

ЗСРМ и ЗЈОРМ со мандат од 4 години. Членови на Управниот одбор, по функција, се претседателот на Судскиот совет, претседателот на Врховниот суд, јавниот обвинител на РМ и министерот за правда. Директорот на Академијата е раководен орган, кој ја претставува и застапува Академијата со мандат од 4 години. Извршниот директор е извршен орган на Академијата, со мандат од 5 години. Сите претходно споменати имаат право на повторно именување. Управниот одбор е надлежен[51] за назначување лица за важни функции во Академијата и за донесување голем број програмски и финансиски одлуки кои се однесуваат на Академијата[52].

### 2.7 Здружение на судии на Република Македонија

Судиската професија, како таква, бара постојано подобрување на знаењата на оние кои ја извршуваат. Судиите исто така треба да ги почитуваат начелата на судскиот етички кодекс. Овие барања, полесно може да се исполнат, доколку судиите се организирани во професионално здружение.

Согласно меѓународните стандарди, националниот правосуден систем ги има вградено овие начела и го гарантира правото на судиите „… да основаат здруженија, заради остварување на своите интереси, унапредување на професионалното усовршување и заради заштита на независноста и самостојноста на судиската функција“[53]. Во 1993 година ЗСРМ беше формирано како невладина, непартиска и неполитичка организација во која може да членуваат врз доброволна основа и активни и пензионирани судии. Во моментов, во ЗСРМ членуваат отприлика 650 судии. Од 1996 година, ЗСРМ е членка на Меѓународната асоцијација на судии (МАС).

ЗСРМ ги има следниве цели и задачи: унапредување и зајакнување на независноста на судиите и судската власт, до ниво кое соодветствува на нивната уставна положба; правење напори за соодветно спроведување и почитување на уставноста и законитоста во земјата домаќин и нејзиното зајакнување како правна држава; зајакнување и обезбедување независност на судиите и на судската власт во целина; правење напори за зајакнување и унапредување на социјалниот статус на судиите и за заштита на нивниот социјален и материјален интерес; донесување Етички кодекс за судиите; покренување реформи во судството преку учество во процесот на изготвување закони од сферата на судството; спроведување активности за стручно усовршување на судиите; спроведување активности што ќе ги обединуваат членовите на Здружението и ќе ја развиваат соработката меѓу нив; развивање на соработката со други домашни и меѓународни здруженија со слични интереси; иницирање измени и дополнувања на закони и други прописи и давање свое мислење за постапките за нивно донесување.[54]

[51] Член 5 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители , Службен весник бр. 13/2006.
[52] Член 9 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители , Службен весник бр. 13/2006.
[53] Член 51, Закон за судовите, Службен весник на РМ бр. 58/2006.
[54] Статут на ЗСРМ, објавен во Судската ревија бр.1 од 1995 година.

# *СЕГМЕНТ II: НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО*

## *Поглавје 1: Надворешни влијанија*

***(Прашања од деловите А1 и А2 и избор на прашања од делот А11 од Анекс 1)***

Вообичаено се смета дека од исклучителна важност за независноста на судството е судиите да можат да ги практикуваат своите судски овластувања, без притисок од трети лица. Токму затоа, првиот дел од прашалникот се однесуваше на евентуалните обиди од трети лица, да извршат влијание врз одлуките што ги носат судиите.

И покрај постоењето законски прописи, насочени кон заштитата на независноста на судиите, наодите од анкетата покажуваат дека таквите обиди претставуваат вообичаена практика во земјата домаќин. **Речиси половина од судиите, кои учествуваа во истражувањето, сметаат дека судиите во судот во кој тие работат се соочуваат со надворешни влијанија и притисоци** (32% се согласуваат со ваквото тврдење, а 11% дури се согласуваат потполно). *(погледнете Дијаграм 1)*

**Судиите во судот во кој работам се соочуваат со надворешни влијанија и притисоци врз независноста на нивното одлучување**

Степен на сложување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 1

Според судиите, најсилниот извор на таквите обиди за надворешни притисоци и влијанија е извршната власт. **19% од сите судии укажаа на тоа дека судиите во нивниот суд „во голема мерка“ се соочуваат со притисоци од страна на претставници на извршната власт (како на пример Владата, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи)**. Помалку од половина (43%) одговорија дека судиите во нивниот суд воопшто не се соочени со какви било притисоци од претставниците на извршната власт. На скала од 1 (несоочување со каков било притисок) до 5 (во голема мерка соочeност со притисок), просечната вредност на сите одговори на прашањето „во колкава мера судиите во судот во кој работите се соочуваат со притисоци од претставници на извршната власт” изнесува 2.4.

Според наодите од истражувањето, вториот фактор по големина, за евентуални обиди за влијание и притисоци се политичките партии. Тука, просечната вредност на сите дадени одговори, во однос на прашањето во колкава мера судиите во одреден суд се соочуваат со притисоци од нив, изнесува 2.3. 14% од анкетираните судии, одговорија дека судиите во нивните судови „во голема мера” се соочуваат со притисоци од политичките партии. Со други зборови, **секој седми судија, смета дека во голема мера, политичките партии се обидуваат да извршат притисок врз судовите.**

Обидите за ограничување на независноста на судиите не секогаш доаѓаат од фактори кои се наоѓаат вон судството. Поради тие причини, во членот 2 од Универзалната повелба за судиите е наведено следново: “*Судиите, како носители на судиската функција, мораат да бидат во состојба да ги извршуваат своите судски овластувања (...) независно од останатите судии и администрацијата во судството*”. **Всушност, 5% од анкетираните судии одговорија дека судиите во нивните судови „во голема мера“ се соочуваат со притисоци од судиите од повисок ранг.** 56% се изјаснија дека судиите во судот во кој тие работат воопшто не се соочуваат со притисоци од повисоко рангираните судии. *(погледнете Дијаграм 2)*



Дијаграм 2

Што се однесува до обидите за вршење влијание врз одлуките, од страна на колегите судии, само 1% од судиите одговорија дека судиите во нивните судови во голема мерка се под таков вид притисок. И покрај бројните обиди да се изврши притисок и да се влијае врз нивната работа, се чини дека голем број судии веруваат дека таквите обиди немаат голем ефект врз спроведувањето на правдата во практика. 47% од судиите сметаат дека судиите во нивниот суд се независни и самостојни при постапувањето и одлучувањето. 16% дури и во потполност се согласуваат со таквото тврдење. **Сепак, речиси една четвртина од судиите сметаат дека судиите во судот во кој тие работат не се независни во одлучувањето** (18% не се сложуваат со тврдењето дека судиите во судот во кој тие работат се независни и самостојни при постапувањето и одлучувањето, а 5% се всушност цврсто убедени дека тоа не е така).

**Ова значи дека речиси секој четврти судија не верува во независноста на судството во земјата домаќин.** *(Погледнете Дијаграм 3)*

**Во судот во кој работам, судиите при постапувањето и одлучувањето се независни и самостојни**

степен на согласување (1-воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: сите испитаници




Дијаграм 3

Имајќи го предвид Дијаграмот 3, можат да се идентификуваат два аспекта за загриженост:

- Значајниот процент (од 11% до 20%) на одговори од видот „Не знам” или „Без одговор” од вкупниот број од 421 анкетирани судии. Тешко е да се замисли и сфати зошто еден толкав голем број судии не можат да одговорат дали во својата работа се соочени со притисоци или не;

- Загрижувачкиот број судии кои ја дадоа највисоката оценка 5 („во голема мера со соочува со притисоци”), особено кога се работи за извршната власт и политичките партии.

**Првата група прашања се однесуваа на судиската перцепција на обидите за вршење притисок врз спроведувањето на правдата во судовите во кои тие работат, додека вториот дел од прашалникот (А2) се однесува на тоа колку често судиите лично се среќавале со обиди за влијание врз независноста на нивното одлучување.** Судиите можеа да одговорат со 1 (Никогаш) до 4 (Постојано). Повторно, најголемиот број обиди за вршење влијание врз одлучувањето на судиите потекнува од претставниците на извршната власт. Просечната вредност на одговорите во однос на обидите за притисок и влијание од нивна страна изнесува 1.8.

**Речиси една четвртина од судиите одговорија дека се изложени на притисоци од страна на извршната власт врз редовна основа.** 8% одговорија дека се среќаваат со притисоци од извршната власт „Постојано”, а 16% одговорија со „Често”. Само 47% од судиите кои одговараа на ова прашање забележаа дека никогаш не се сретнале со обиди за вршење влијание врз независноста во нивната работа од страна на извршната власт. Тоа значи дека помалку од една половина од судиите се чувствуваат потполно слободни од какви било влијанија на извршната власт. *(Погледнете Дијаграм 4)*

**Колку често.... претставници на извршната власт (Владата, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, итн.)**




Дијаграм 4

Политичките партии се втори на списокот на одговорни субјекти за најчестите обиди за вршење притисок и влијание врз работата на судиите. 5% од анкетираните судии наведоа дека се наоѓаат под постојан притисок од претставници од политичките партии, а 14% наведоа дека тоа често се случува. **Тоа значи дека речиси една петина, или околу 85 од испитаниците се изложени на притисок од политичките партии врз редовна основа.** Само 48% од анкетираните судии изјавиле дека такво нешто никогаш им се нема случено. *(Погледнете Дијаграм 5)*

**Колку често ... претставници на политички партии**




Дијаграм 5

Што се однесува до членовите на Судскиот Совет, 9% од судиите изјавиле дека имаат почувствувано притисок од страна на националното тело (6% често и 3% постојано).

Како што беше потенцирано и претходно, еден од важните критериуми за утврдување на независноста на судството е и постоењето ефективни механизми за заштита на судиите од евентуални обиди за вршење притисок и влијание врз нивната работа.

**Сепак, едно големо мнозинство (60%) од испитаниците не веруваат дека таквите механизми постојат и се вградени во постојната рамка.** Соочени со тврдењето дека „Во рамки на судскиот систем, постојат ефективни механизми за заштита на судиската функција од евентуални притисоци / сугестии / обиди за влијание", 21% од испитаниците одговориле со „Воопшто не се согласувам", а 39% го заокружиле одговорот „Не се согласувам".

Компаративно, мал број судии досега се имаат обидено да ги искористат таквите механизми за нивна заштита, што претставува дополнителен доказ за големиот степен на недоверба во средствата кои моментално им стојат на располагање на судиите. Само 14% од испитаниците не се согласуваат или воопшто не се согласуваат со тврдењето дека никогаш ги немаат искористено постоечките механизми за заштита на судиската функција. **Тоа значи дека 73% од анкетираните судии никогаш не се обиделе да се потпрат врз постоечките механизми за заштита** (46% се согласуваат, а 27% потполно се согласуваат со горенаведеното тврдење). *(Погледнете Дијаграм 6)*

**Во досегашната моја работа не сум имал/а потреба да ги користам постоечките механизми за заштита на судиската функција**

Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 6

# *Поглавје 2: Улога на Судскиот совет*

***(Прашања од делот А3 од Анекс 1)***

Законските одредби со кои се регулира изборот и разрешувањето на судиите и дисциплинските постапки се од клучна важност за независноста на судството. Како што беше напомената и погоре, ЕСЧП ја проценува независноста на еден суд, меѓу другото, и преку оценката за начинот на избор и назначување на неговите членови, односно судии[55]. Во Препораката R(94)12 на Советот на Европа за независноста, ефикасноста и улогата на судиите е наведено следново:

*„Сите одлуки во однос на професионалната кариера на судиите, треба да се засноваат на објективни критериуми, а изборот и напредувањето на судиите треба да се заснова на нивните квалитети, земајќи ги предвид нивните квалификации, интегритет, способности и ефикасност во работењето. Телото кое ги носи одлуките во однос на изборот и напредувањето на судиите, треба да биде независно од власта и државната администрација. Со цел да се заштити неговата независност, мора да постојат правила, преку кои, на пример, ќе се обезбеди, изборот на неговите членови да го врши самото судство, а потоа самото тоа тело да носи одлуки во однос на сопствената работа и процедурални правила“.*[56]

Во Мислењето 10 на Консултативниот совет на европските судии (КСЕС) се препорачува судските совети во мешан состав (судии и лица кои не се судии) да ја претставуваат самостојната судска власт на начин што на поединечните судии би им овозможил својата судска функција да ја вршат без каква било контрола од страна на извршната или законодавната власт.[57]

Надлежното тело за избор и разрешување судии, како и за водење дисциплински постапки во земјата домаќин е Судскиот совет[58]. Тој има 15 члена, од кои осум ги избираат судиите од своите редови.[59] Тројца членови на Советот ги избира Собранието, а уште двајца членови на Советот предлага претседателот на државата, а изборот го врши Собранието. Сите членови избрани од страна на Собранието се од редот на универзитетските професори по право, адвокати и други истакнати правници. Министерот за правда и претседателот на Врховниот суд се членови на Советот по функција.

Како што беше споменато погоре, Судскиот совет беше основан во земјата домаќин, со цел да ја обезбедува и гарантира независноста на судството.[60] **Сепак, 66% од анкетираните судии смета дека Судскиот совет не ја исполнува својата функција.** Оваа статистика може да се сфати како сериозна порака која ја испраќа судството како предупредување на правната заедница дека Судскиот совет со сегашната поставеност веќе ја загубил довербата која му е дадена од страна на претставниците на судството. *(Погледнете Дијаграм 7)*

---

[55] ЕСЧП, Кемпбел и Фел против Обединетото Кралство (предмет број 7819/77,7878/77), пресуда од 28 јуни 1984 година, став 77; Финдли против Обединетото Кралство, пресуда од 25 февруари 1997 година, Извештаи за пресуди и одлуки 1997-I, став 73.
[56] Совет на Европа – Комитет на министри, Препорака број R(94)12 на Комитетот на министри за независноста, ефикасноста и улогата на судиите, усвоена од Комитетот на министри на 13 октомври 1994 година, за време на 518-иот состанок на замениците министри, Начело 1, точка в), став 1.
[57] Мислење број 10(2007) на Консултативниот совет на европските судии (КСЕС) упатен до Комитетот на министри на Советот на Европа, а во врска со Судскиот совет, кој треба да му служи на општеството, СЕ док. став 12.
[58] Член 31 од Законот за судски совет, Службен весник на РМ, број 60/2006.
[59] Член 6 од Законот за судски совет, Службен весник на РМ, број 60/2006.
[60] На пример, погледнете го Член 2 од Законот за судски совет, Службен весник на РМ 60/2006.

**Судскиот совет успешно се грижи за заштита на независноста на судството**
Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)




Дијаграм 7

Со цел да ја исполни сопствената функција, телото кое врши избор на судиите мора да биде независно. Во Препораката број R(94)12 се наведува следново: „Телото кое ги носи одлуките, во однос на изборот и напредувањето на судиите, треба да биде независно од власта и државната администрација”.

Сепак, **две третини или 278 од анкетираните судии се сомневаат дека Судскиот совет е независен и слободен од влијанија.** Соочени со тврдењето „Во пракса, Судскиот совет во своето работење е независен орган”, 31% од судиите одговориле дека тие „воопшто не се согласуваат” со тврдењето, а 35% одговориле со „не се согласувам”. Сепак, 29% дале позитивен одговор од кои 21% „се согласувам” и 8% „потполно се согласувам”. (*погледнете Дијаграм 8)*

**Во пракса Судскиот совет во своето работење е независен орган**
Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)




Дијаграм 8

**Дополнително, големо мнозинство од испитаниците во истражувањето (70%) веруваат дека изборот на членови на Судскиот совет е пристрасен.** Во врска со тврдењето дека „изборот на членови на Судскиот совет е подложен на притисоци и влијанија", 36% од судиите одговориле со „Потполно се согласувам", а 34% со „Се согласувам". Само 6% воопшто не се согласуваат со таквото тврдење – што значи дека само 6% од нив се целосно убедени дека во изборот на членови на Судскиот совет нема притисоци и влијанија. *(погледнете Дијаграм 9)*

**Изборот на членови на Судскиот совет е подложен на притисоци и влијанија**
Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 9

Особена причина за загриженост на анкетираните судии е учеството на Министерот за правда во работата на Судскиот совет. Треба да се забележи дека вклученоста на претставници од извршната власт во Судскиот совет, самата по себе, не е спротивна на меѓународните стандарди. На пример во предметот Асадов и други против Азербејџан, ЕСЧП го наведува следново: *„од самиот почеток, мислење на Судот е дека фактот што претставник од извршната власт е до одреден степен вклучен во процесот на структуирање на судовите, самиот по себе не може да се смета за оправдан во предизвикувањето сомнежи во однос на независноста и непристрасноста на судовите во целост"*[61] (сепак, Судот, исто така, напоменува дека законската рамка во Азербејџан треба да се промени од тој аспект откако ќе се обезбеди доволно време за разгледување на одлуката на Судот). Во конкретниот случај, апликантот ја оспорува независноста и непристрасноста на судот кој му судел, врз основа на фактот што министерот за правда бил член и на Судскиот совет кој го вршел изборот на судиите. Според мислењето на ЕСЧП, тоа не е доволна основа за постоење легитимен сомнеж во независноста и непристрасноста на Судот, напоменувајќи дека министерот за правда бил единствениот претставник од извршната власт додека останатите шест членови на советот биле судии од повисоките судови и дека советот е колегијално тело кое носи одлуки со мнозинство гласови.[62]

**Како и да е, доволно голем број од судиите (74%) сметаат дека министерот за правда не би требало да биде член на Судскиот совет.** Соочени со тврдењето дека „Министерот за правда треба да учествува во работата на Судскиот совет", 47% од судиите одговориле со „Воопшто не се согласувам", а 27% од нив со „Не се

[61] ЕСЧП, Асадов против Азербејџан (предмет број 138/03), одлука од 12 јануари 2006 година.
[62] ЕСЧП, Асадов против Азербејџан, ист извор.

согласувам”. Само 22% биле согласни со ваквото тврдење, односно 14% се согласуваат и 8% потполно се согласуваат со истото. *(погледнете Дијаграм 10)*

**Министерот за правда треба да учествува во работата на Судскиот совет**
Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 10

Исто така, учеството на законодавната власт во составот на Судскиот совет се соочува со одреден степен на критика. **70% од анкетираните судии не се согласуваат со тоа Судскиот совет да има членови кои се избираат од законодавната власт** (44% одговориле со „Воопшто не се согласувам” и 26% со „Не се согласувам”).

Сличен негативен став е присутен меѓу судиите и во однос на назначувањето членови во Судскиот совет по функција. **Повеќе од половина од анкетираните судии сметаат дека Судскиот совет не треба да има членови кои се назначуваат по функција.** Соочени со тврдењето дека „Судскиот совет треба да има членови кои се назначени по функција”, околу 240 од анкетираните судии не биле согласни со таквото тврдење (35% од судиите одговориле дека воопшто не се согласуваат и 22% одговориле дека не се согласуваат со истото). 23% од нив се согласуваат, а 12% потполно се соглсуваат со таквото тврдење. *(погледнете Дијаграм 11)*

**Судскиот совет треба да има членови кои се назначени по функција**
Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 11

Во однос на начинот на избор на членови на Судскиот совет, кои судиите ги избираат од своите редови, мислењето на судиите е поделено.

**Додека 50% од испитаниците таквиот начин на избор го сметаат за фер и транспарентен (17% одговориле со „Потполно се согласувам“ и 33% со „Се согласувам“), 48% од нив се критични (21% одговориле со „Воопшто не се согласувам“ и 27% со „Не се согласувам“).** *(погледнете Дијаграм 12)*

**Изборот на членови на Судскиот совет кои судиите ги избираат од своите редови е фер и транспарентен**

Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 12

Високиот степен на недоверба во сопствената процедура на избор, зборува за недостатокот на внатрешни транспарентни и демократски изборни процеси во рамките на правосудството.

Недостатокот од доверба во Судскиот совет што јасно се потврдува преку горенаведените резултати, исто така, се одразува и врз мислењето на судиите за постапките кои ги спроведува оваа институција. Како што беше споменато погоре, Судскиот совет е задолжен и за водење дисциплински постапки против претставници од судството.

**Повеќе од 60% од анкетираните судии веруваат дека таквите постапки не се спроведуваат на објективен начин.** *(погледнете Дијаграм 13)*

**Дисциплинската постапка и постапката за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција се спроведуваат на објективен начин**
Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 13

**Уште поголем е бројот на судии (67%) кои сметаат дека начинот на избор и разрешување на судиите е подложен на притисоци.** *(погледнете Дијаграм 14)*

**Начинот на избор и разрешување е подложен на притисоци**
Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 14

**Исто така, 68% од анкетираните судии не веруваат дека во моментот постојат објективни, мерливи и правични критериуми за унапредување на судиите.** *(погледнете Дијаграм 15)*

**За унапредување на судиите се применуваат критериуми кои се објективни, мерливи и правични**

Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 15

**Резимирајќи ги резултатите може да се заклучи дека мнозинството анкетирани судии сметаат дека судиите во земјата домаќин се избираат и разрешуваат согласно постапки кои се спроведуваат од страна на тело кое се смета за пристрасно.**

## *Поглавје 3: Плати*

***(Избор на прашања од делот А11 од Анекс 1)***

Примањата на судиите претставуваат традиционална фокусна точка важна за независноста на судиите[63]. Во Препораката R(94)12 се наведува дека државите потписнички се должни да им овозможат на судиите да работат на ефикасен начин, меѓу другото и преку *„обезбедувањето, статусот и примањата на судиите да одговараат на дигнитетот на нивната професија и товарот на нивната одговорност*". Основните начела на ОН за независност на судството предвидуваат соодветни финансиски примања за судиите кои треба да бидат соодветно гарантирани со закон. Исто така, во заедничкото Соопштение од Пекинг се наведува дека „судиите мораат да бидат соодветно платени и да им бидат обезбедени соодветни можности и услови за работа".[64]

Поголемиот дел од анкетираните судии сметаат дека нивните примања не ги задоволуваат ваквите барања. **67% не се согласуваат дека висината на платите на судиите е во согласност со одговорноста на работното место** (27% одговориле со „Воопшто не се согласувам", а 40% со „Не се согласувам"). *(погледнете Дијаграм 16)*

**Висината на платите е во согласност со одговорноста на работното место**

Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 16

**Меѓутоа, запрашани за мислење во однос на нивните сопствени примања само 56% од анкетираните судии изјавиле дека не се задоволни со сопствената плата.** И навистина, запрашани во однос на тврдењето „Задоволен/на сум од висината на платата за моето работно место", 19% од испитаниците одговориле дека воопшто не се согласуваат со таквото тврдење, а 37% дека не се согласуваат. 33% се согласуваат и 5% потполно се согласуваат со ова тврдење. *(погледнете Дијаграм 17)*

[63] Питер Х. Расел, Кон генералната теорија на судската независност, стр.14 во: Расел и Обрајан, Судска независност во ерата на демократијата, 2001, погледнете и Дик Хауард, Судска независност во пост комунистичка Централна и Источна Европа, стр.95 во: Расел и Обрајан, Судска независност во ерата на демократијата, 2001.

[64] Соопштение од Пекинг за начелата за независност на судството во правосудниот регион на Азија од 1997 година, став 32.

**Задоволен/на сум од висината на платата за моето работно место**
Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 17

**Според мислењето на 72% од анкетираните судии ниското ниво на платите условува постоење одредени ризици во однос на независноста на судството:** 44% од анкетираните судии одговориле дека потполно се согласуваат со тврдењето дека „зголемувањето на платите на судиите ќе го намали степенот на можна корупција", а 28% се согласиле со таквото тврдење. *(погледнете Дијаграм 18)*

**Зголемувањето на платите ќе го намали степенот на можна корупција**
Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 18

# *Поглавје 4: Професионален развој и работни услови*

***(Избор на прашања од делот А11 од Анекс 1)***

Ефикасно и независно спроведување на правдата е можно само доколку се обезбедат соодветни работни услови. Во Препораката R(94)12 се наведува: *„Мора да се обезбедат соодветни работни услови, за да им се овозможи на судиите да работат на ефикасен начин (...)"*.

***Стручна обука***

Поконкретно, во препораката се потенцира дека е неопходно да се обезбеди соодветен број судии за да се сработи целокупниот обем на работа и дека на судиите мора да им се обезбеди соодветна обука.

**80% од анкетираните судии ја разбираат важноста од континуирана стручна обука.** 53% се согласуваат дека им е потребна континуирана стручна обука, а 27% се согласуваат во потполност. Само 13% од нив не се согласуваат со ваквото тврдење (9% одговориле со „Не се согласувам" и 4% со „Воопшто не се согласувам"). *(погледнете Дијаграм 19)*

**За поуспешно извршување на моите работни задачи ми е потребна стручна континуирана обука**

Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 19

***Опрема за работа***

Гореспоменатата Препорака говори и за потребата на судиите да им се обезбеди и соодветен кадар за поддршка и опрема, а особено средства за автоматизирано канцелариско работење и обработка на податоци.[65]

Што се однесува до техничките средства и опрема, мислењата на испитаниците се поделени. **Во однос на тврдењето „Задоволен/на сум од техничките ресурси (компјутерска опрема, е-пошта, телефон) што ги имам на располагање", 44% не се согласуваат со истото (19% одговориле со „Воопшто не се** согласувам" **и 25%**

[65] Начело III 1 д) од Препораката број (94) 12 од Комитетот на министри при Советот на Европа.

**со „Не се** согласувам“). **Од друга страна, 49% се согласни со таквото тврдење (37% одговориле со „Се** согласувам“, **а 12% со „Потполно се** согласувам“).

Сепак, постои голем степен на незадоволство меѓу судиите во однос на буџетот предвиден за работата на судовите и нивно техничко опремување како и можностите за набавка на неопходните стоки и услуги. **Речиси 90% од испитаниците сметаат дека буџетите на судовите не задоволуваат.** 53% од судиите одговориле дека во потполност се согласуваат со тврдењето дека „Средствата определени со судскиот буџет се недоволни за покривање на реалните трошоци во спроведувањето на правдата.“ 35% одговориле дека се согласуваат со ова тврдење.

Обезбедувањето соодветна опрема за работа може да има важна улога во однос на независноста на судството. Во Соопштението од Пекинг се наведува дека од клучна важност е на судиите да им се обезбедат неопходните ресурси кои им се потребни за вршење на нивната функција.[66]

### *Судски буџет*

Во практика, финансиските средства кои се бараат од судовите на почетокот на годината не се одобруваат во целиот износ, затоа што нивните барања редовно ја надминуваат максималната граница утврдена од страна на Министерството за финансии. ССБ врши редовно ребалансирање на неопходниот буџет во рамки на дозволеното преку намалување на определени буџетски ставки за судовите. Во моментов судовите не користат еднакви критериуми за пресметка на предвидените трошоци за наредната година.

Поголемото мнозинство анкетирани судии причината за недоволното финансирање ја гледаат во законската рамка. **67% од испитаниците сметаат дека законската поставеност не дава доволно простор за целосна финансиска независност на судството.** 24% од анкетираните судии го сметаат спротивното. *(погледнете Дијаграм 20)*

**Законската поставеност дава доволно простор за целосна финансиска независност на судството**

Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 20

[66] Соопштение од Пекинг за начелата за независност на судството во правосудниот регион на Азија од 1997 година, став 41.

Голем процент од анкетираните судии смета дека судството е финансиски зависно. **44% од испитаниците одговорија дека во потполност се согласуваат дека судството е финансиски зависно и покрај постоењето самостоен судски буџет.** 39% се сложиле со ваквото тврдење а само 11% имале спротивно мислење (4% одговориле со „Воопшто не се согласувам", а 7% со „Не се согласувам"). *(погледнете Дијаграм 21)*

**Судството е финансиски зависно и покрај постоењето самостоен судски буџет**
Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 21

Всушност, контролата врз судските буџети и распределбата на неопходните средства претставува важно прашање во контекст на независноста на судството. Соопштението од Пекинг, во однос на истото, го наведува следното: *„судските буџети треба да ги изготвуваат самите судови или пак некое друго надлежно тело во соработка со судовите, притоа, имајќи ја предвид потребата од независност на судството и неговата администрација. Одобрените буџетски средства мораат да бидат задоволителни и да му овозможат на секој суд да функционира без прекумерни оптоварувања"*.[67]

**Според мислењето на мнозинството анкетирани судии решението на проблемот на недоволното финансирање лежи во можноста за генерирање повеќе финансиски средства во рамки на самото судство.[68]** Во врска со тврдењето дека „судството треба да генерира повеќе свои средства, кои би се влевале во судскиот буџет", 46% од судиите во потполност се согласиле, а 37% се согласиле со ваквото тврдење. *(погледнете Дијаграм 22)*

[67] Соопштение од Пекинг, види претходно, став 37.
[68] Прашалникот не специфицираше на кој начин судовите можат самостојно да генерираат средства.

**Судството треба да генерира повеќе свои средства кои би се влевале во судскиот буџет**

Степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници




Дијаграм 22

***Физичка безбедност***

Физичката безбедност (и перцепцијата на физичка безбедност) претставува важен елемент за независноста на судиите. Заканите, физичкото заплашување, па дури и насилството, се најбезобѕирните методи на вршење влијание врз судските одлуки. Од исклучителна важност за независноста на судиите е тие да се чувствуваат физички безбедни во своето работно опкружување.

Се чини дека мислењата на испитаниците во ова истражување се поделени кога се работи за перцепцијата на нивната безбедност. **58% навеле дека се чувствуваат безбедно при вршењето на судиската функција во просториите на судот во кој работат** (18% одговориле со „Потполно се согласувам” и 40% со „Се согласувам”). **Од друга страна, 23% не се согласуваат дека може да се каже дека „се чувствуваат безбедно при вршењето на судиската функција во просториите на судот во кој работат”, а 12% воопшто не се согласуваат со таквото тврдење.**

# Поглавје 5: Здружение на судии на Република Македонија

**_(Прашања од делот А8 од Анекс 1)_**

Здруженијата на судиите можат да одиграат важна улога во заштитата на судиите од евентуални несоодветни обиди за вршење влијанија врз нивното одлучување и заштитата на независноста на судството. Начелото IV од Препораката R(94)12 го наведува следново: „*Судиите имаат право да формираат здруженија, кои, самостојно или заедно со некое друго тело би биле задолжени да ја штитат нивната независност и да се грижат за нивните интереси*". Ставот 9 од Основните начела за независност на судството на ОН вели дека „*судиите имаат право да основаат и да членуваат во здруженија на судии или други организации кои ги застапуваат нивните интереси, ја унапредуваат нивната стручна обука и развој и ја штитат нивната судска независност*".

Правото на судијата да членува во некое професионално здружение мора да биде загарантирано со цел да им се овозможи на судиите да бидат консултирани, особено во однос на примената на законите и правилата кои го регулираат нивното работење – етички и сите останати – како и за средствата за спроведување на правдата, како и со цел да им се овозможи да ги бранат своите легитимни интереси.[69]

Прашањата од делот А8 во прашалникот им дадоа можност на судиите да искажат колку се задоволни од улогата и работата на ЗСРМ.[70] Собраните резултати се поразувачки поради високиот степен на незадоволство од страна на судиите. Од вкупниот број од 421 судии кои одговараа на Прашалникот[71]:

- 76% воопшто не се согласуваат или не се согласуваат со тврдењето дека ЗСРМ се грижи за заштитата на статусот на судиите;
- 94% во потполност се согласуваат или се согласуваат дека ЗСРМ треба поактивно да го штити членството при напади на судската професија и углед;
- 95% во потполност се согласуваат или се согласуваат дека ЗСРМ треба редовно да доставува коментари на предлог закони од областа на правосудството до соодветните предлагачи;
- 96% во потполност се согласуваат или се согласуваат дека ЗСРМ треба да покренува иницијативи за изменување и донесување закони релевантни за судството.

**Презентираните резултати треба да послужат како почетна точка за сериозна дискусија меѓу членовите на ЗСРМ.** Подзаконските акти кои ја регулираат работата на ЗСРМ не треба да се сметаат само како зборови на хартија, туку судиите мора да видат дека целите и задачите наведени во истите се остварливи. **ЗСРМ треба да ги претставува потребите и ставовите на судиите во единствениот заеднички глас**, на пример преку активности на односи со јавноста, поднесување коментари и мислења за релевантните закони, иницирање постапки за измени и дополнувања на постојните закони или за изготвување нови, јавни дебати за релевантни прашања итн.

---

[69] Член 12, Универзална повелба за судиите, Меѓународна асоцијација на судии.
[70] Погледнете ги прашањата од делот А8 од Прашалникот презентирани во Анекс 1 кон оваа анализа.
[71] За подетални разултати погледнете во Анекс 2 .

# ***Поглавје 6: Транспарентност***

***(Прашања од делот А6 од Анекс 1)***

На прв поглед, можеби изгледа дека транспарентноста не е поврзана со независноста на судството. Јавноста на судските процеси, која претставува важен елемент за транспарентноста на судските постапки и за судството воопшто[72], најпрво и во најголема мерка, им служи на интересите на странките. ЕСЧП има посочено дека "*јавниот карактер на постапките (...) ги штити странките од евентуално тајно спроведување на правдата, без критичко набљудување од јавноста.*" Како што има кажано Џереми Бентам, правен филозоф од 18-ти век, „*јавноста во работењето му суди на судијата, додека тој или таа суди*".

Иако независноста на судството е од клучна важност за владеењето на правото, тоа не треба да се сфати на начин кој би значел дека претставниците од судството се ослободени од каква било контрола. Според зборовите на Лин М. Лопучки, професор по право на Универзитетот во Калифорнија, Лос Анџелес (UCLA): *„Судската независност не значи дека судијата има слобода да прави што сака туку дека има слобода да го прави она што треба да го прави еден судија"*. Токму затоа, транспарентноста на судовите е важен елемент за контратежа на независноста на судството.

Дотолку повеќе, судството зависи и се потпира врз довербата од јавноста. Транспарентноста во работењето на судовите и јавноста на постапките можат да придонесат кон зголемување на довербата која населението ја има во судскиот систем. Според мислењето на ЕСЧП, јавниот карактер на постапките, исто така, е едно од средствата *„преку кои може да се сочува и одржи довербата во судовите".*[73]

Практичните механизми за имплементација на начелото на транспарентност можат да бидат од најразличен карактер, започнувајќи од начинот на објавување на судските пресуди, транспарентност во финансиското работење на судовите, отчетност, па до одредени специфични прашања, како што е јавното објавување на судскиот распоред, портпароли на судовите и односите со медиумите итн. Автоматската распределба на предметите, воведена во домашниот судски систем секако е еден од оперативните модалитети кој може да помогне во обезбедувањето транспарентност во работата, која се воведува во домашното судство.

Во рамки на истражувањето, прашањето за транспарентноста им беше поставено на судиите на еден поинаков начин, нудејќи им група идеи – можни практични начини и средства за подобрување на транспарентноста воопшто. Им беше поставено прашањето „во колкава мера секоја од следниве активности може да придонесе за зголемување на транспарентноста во работењето на судството во земјата":

- одржување редовни конференции за печат;
- воведување посебен оддел за комуницирање со јавноста;
- редовни обуки на стручните служби;
- слободен пристап на јавноста до судските одлуки;
- кадровско доекипирање.

[72] ЕСЧП, Прето против Италија (предмет број 7984/77), пресуда од 8 декември 1983 година, став 21.
[73] ЕСЧП, Вернер против Австрија (предмет број 138/1996/757/956), пресуда од 24 ноември 1997 година, став 45.

На испитаниците им беше дадена можност да одговорат и на прашањето „според вашето сознание, во колкав степен граѓаните имаат доверба во работата на судот во кој работите", користејќи скала на одговори од 1 до 5 (каде 1 означува најмал степен, а 5 најголем степен на доверба). **Просечната вредност на одговорите изнесуваше 3,5.** Дополнително, **12% од анкетираните судии го заокружија „највисокиот степен на доверба", а 30% одговорија со оценка „4" на веќе спомenатата скала од еден до пет.** *(погледнете Дијаграм 23)*

**Според Вашето сознание, во колкав степен граѓаните имаат доверба во работата на судот во кој работите**

Степен на доверба (1 – најмалку доверба, 5 – најмногу доверба)

База: Сите испитаници




Дијаграм 23

Последователно, според испитаниците во ова истражување, граѓаните имаат поголема доверба во судскиот систем отколку онаа што во истиот ја имаат самите судии. Како што беше посочено и погоре во текстов, 43% од судиите наведуваат дека судството се соочува со надворешни притисоци и влијанија.[74]

Најдобриот начин за подобрување на транспарентноста во работењето на судовите, според мислењето на судиите е кадровското доекипирање на судовите. **59% од испитаниците наведуваат дека дополнителното вработување на неопходните кадри „во многу голема мера" може да придонесе кон зголемување на транспарентноста во одлучувањето на судовите.** Само 6% сметаат дека ваквата мерка би била корисна „во многу мала мера". *(погледнете Дијаграм 24)*

[74] Погледнете "Надворешни влијанија", Поглавје 1 од Сегментот II.



Дијаграм 24

Во однос на слободниот пристап до судските пресуди мислењата се поделени. **21% од испитаниците сметаат дека овозможувањето слободен пристап до судските пресуди во многу голема мера ќе придонесе кон зголемување на довербата во судството, додека 25% сметаат дека оваа мерка ќе биде ефективна само до одреден мал степен.**

Како што покажаа и самите резултати, судиите реагираа позитивно во однос на сите горенаведени идеи. Истите можат понатаму да бидат унапредени и развиени од страна на домашното судство.

***Распределба на предметите***

Распределбата на одредени предмети на определени судии претставува еден од можните начини за влијание врз крајниот исход на судските постапки. Меѓутоа, автоматската распределба на предметите која го исклучува „човечкиот фактор" ги намалува можностите за попречување и мешање во постапката, бидејќи истата обезбедува дека е невозможно да се додели еден случај на конкретен судија (на пример, на судија кој е подложен на притисоци).

Меѓународната заедница вложи значителни напори за да им помогне на властите во воведувањето систем за автоматска распределба на предметите во земјата. 65% од судиите наведоа дека системот за автоматска распределба на предметите е воспоставен во нивниот суд и се користи за секој поединечен случај. Сепак, 7,6% од судиите тврдат дека таков систем не постои во нивниот суд, а 5% велат дека системот постои, меѓутоа истиот не се употребува.

14% од испитаниците одговориле дека системот за автоматска распределба на предметите само делумно се користи, а одредени предмети и понатаму се распределуваат од страна на претседателите на судовите или во судската архива – пракса, која ја негира целта на автоматската распределба и која покажува дека и најдобриот технички систем нема да биде од помош, доколку сите инволвирани не се подготвени на соодветен начин да го применуваат и користат истиот.

## *ЗАВРШНИ ЗАБЕЛЕШКИ*

Како завршна забелешка, наодите од истражувањето се причина за сериозна загриженост во поглед на независноста на судството во земјата.

Како што покажуваат резултатите обидите да се влијае врз одлуките на судиите често се случуваат во практика. Овие сериозни повреди на законот и на начелото на независност на судството остануваат во голем дел незабележани и неказнети. Значаен дел од судиите сметаат дека ваквите обиди имаат влијание врз спроведувањето на правдата.

Механизмите и инструментите за заштита на нивната независност се перципирани од судиите како неделотворни и затоа многу ретко се користат.

Спроведеното истражување открива висок степен на недоверба од страна на судиите во судските институции и механизмите на правосудниот систем. Огромно мнозинство од судиите го доживуваат Судскиот совет, веројатно најважното тело за независноста на судството, како пристрасен орган, а постапките што ги спроведува како нетранспарентни и под влијание на политиката.

Многу судии се незадоволни од нивните услови за работа, платите и можностите за професионален развој.

Големиот одзив на прашалникот покажува дека судиите треба да започнат дебата за ова прашање и да иницираат промени.

Се надеваме дека оваа анализа ќе го означи првиот чекор во еден процес на анализирање на предизвиците пред кои е исправена независноста на судството во земјата и обезбедување можни решенија за надминување на моменталните пречки и зајакнување на независноста на судството.

Проектот беше спроведен во тесна соработка со Здружението на судиите, на кое би сакале да му се заблагодариме. Би сакале да им се заблагодариме и на Судскиот совет и на Врховниот суд за нивната поддршка на проектот.

На крајот, еднакво важно, би сакале да ја изразиме нашата благодарност до сите судии во земјата кои одвоија дел од своето време за да го одговорат прашалникот, да ги споделат своите мислења и да придонесат кон оваа анализа.

# АНЕКС 1

Проект:

# Независност на судството

## Анонимен прашалник за судии

Содржината на Вашите одговори е од доверлив карактер
и ќе биде искористена само за потребите на овој проект

OSCE
Organization for Security and
Co-operation in Europe
**Spillover Monitor Mission to Skopje**

| |
|---|
| **Ве молиме заокружете во кое апелационо подрачје се наоѓа судот во кој работите:**<br><br>1. Битола     2. Гостивар     3. Скопје     4. Штип |

| A1 | Користејќи ги сознанијата од Вашето работно искуство, Ве молиме одговорете:<br>**Во колкава мера при процесот на одлучување судиите во судот во кој работите се соочуваат со притисоци/сугестии/обиди за влијание од страна на:** | СЕ КОРИСТИ СКАЛА ОД 1 ДО 5 КАДЕ 1 ЗНАЧИ ДЕКА СУДИИТЕ ВООПШТО НЕ СЕ СООЧУВААТ СО ПРИТИСОЦИ ОД СТРАНА НА СООДВЕТНИОТ ИЗВОР, А 5 ЗНАЧИ ДЕКА СУДИИТЕ ВО ГОЛЕМА МЕРА СЕ СООЧУВААТ СО ПРИТИСОЦИ ОД СТРАНА НА СООДВЕТНИОТ ИЗВОР | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воопшто не се соочуваат со притисоци<br>**S1** | **S2** | **S3** | **S4** | Во голема мера се соочуваат со притисоци<br>**S5** | **Без одговор** | **Не знам** |
| 1 | **Претставници на меѓународната заедница** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| 2 | **Претставници на бизнис секторот** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| 3 | **Претставници на политички партии** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| 4 | **Претставници на извршната власт (Владата, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, итн.)** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| 5 | **Колеги судии** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| 6 | **Судии од повисок ранг (Претседател на судот, претседател или судии на повисоките судови)** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| 7 | **Членови на Судскиот совет** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| 8 | **Учесници во постапката (адвокати, јавен обвинител, итн.)** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| 9 | **Други, наведете** ______________________________ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| 10 | **Други, наведете** ______________________________ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |

| A2 | **Колку често се среќавате со одредени директни или индиректни притисоци/сугестии/обиди за влијание врз независноста на Вашето работење од страна на:** | **Никогаш** | **Ретко** | **Често** | **Постојано** | **Без одговор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Претставници на меѓународната заедница** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 |
| 2 | **Претставници на бизнис секторот** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 |
| 3 | **Претставници на политички партии** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 |
| 4 | **Претставници на извршната власт (Владата, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, итн.)** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 |
| 5 | **Колеги судии** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 |
| 6 | **Судии од повисок ранг (Претседател на судот, Претседател или судии на повисоките судови)** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 |
| 7 | **Членови на Судскиот совет** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 |
| 8 | **Учесници во постапката (адвокати, јавен обвинител, итн.)** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 |
| 9 | **Други, наведете** ______________________________ | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 |
| 10 | **Други, наведете** ______________________________ | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 |

Ве молиме дадете го Вашето дополнително мислење/коментар/предлози:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

| А3 | Во табелата се наведени неколку изјави кои се однесуваат на функционирањето на Судскиот совет на Република Македонија.<br>**Ве молиме наведете до кој степен се согласувате или не се согласувате со секоја од следниве изјави:** | ВЕ МОЛИМЕ ЗАОКРУЖЕТЕ САМО ЕДНА ОЦЕНА ЗА СЕКОЈА ОД ДАДЕНИТЕ ИЗЈАВИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Воопшто не се согласувам** | **Не се согласувам** | **Се согласувам** | **Потполно се согласувам** | **Без одговор** | **Не знам** |
| 1 | **Министерот за правда треба да учествува во работата на Судскиот совет** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 2 | **Во пракса Судскиот совет во своето работење е независен орган** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 3 | **Изборот на членови на Судскиот совет кои судиите ги избираат од своите редови е фер и транспарентен** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 4 | **Начинот на избор на членовите на Судскиот совет треба да се измени** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 5 | **Судскиот совет треба да има членови кои се избираат од законодавната власт** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 6 | **Судскиот совет треба да има членови кои се назначени по функција** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 7 | **Мандатот на членовите на Судскиот совет треба да биде пократок** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 8 | **Постои ефективна постапка за утврдување на одговорноста на членовите на Судскиот совет** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 9 | **Изборот на членови на Судскиот совет е подложен на притисоци и влијанија** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 10 | **Судскиот совет успешно се грижи за заштита на независноста на судството** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 11 | **Начинот на избор на судии е објективен и транспарентен** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 12 | **Дисциплинската постапка и постапката за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција се спроведуваат на објективен начин** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 13 | **Начинот на избор и разрешување е подложен на притисоци** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 14 | **За унапредување на судиите се применуваат критериуми кои се објективни, мерливи и правични** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 15 | **Судскиот совет ефикасно се грижи за заштитата на угледот на судиите** | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |

Ве молиме дадете го Вашето дополнително мислење/коментар/предлози:

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

| **А4** | **Според Вашето мислење, во колкав степен граѓаните имаат доверба во работата на судовите во земјава?**<br>ВЕ МОЛИМЕ КОРИСТЕТЕ СКАЛА ОД 1 ДО 5 КАДЕ 1 ОЗНАЧУВА НАЈМАЛ СТЕПЕН, А 5 НАЈГОЛЕМ СТЕПЕН НА ДОВЕРБА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **S1** | **S2** | **S3** | **S4** | **S5** | **Не знам/ Без одговор** |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 99 |

| **А5** | **Според Вашето сознание, во колкав степен граѓаните имаат доверба во работата на судот во кој работите?**<br>ВЕ МОЛИМЕ КОРИСТЕТЕ СКАЛА ОД 1 ДО 5 КАДЕ 1 ОЗНАЧУВА НАЈМАЛ СТЕПЕН, А 5 НАЈГОЛЕМ СТЕПЕН НА ДОВЕРБА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **S1** | **S2** | **S3** | **S4** | **S5** | **Не знам/ Без одговор** |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 99 |

| A6 | **Во колкава мера секоја од следниве активности може да придонесе за зголемување на транспарентноста во работењето на судството во земјава?** | СЕ КОРИСТИ СКАЛА ОД 1 ДО 5 КАДЕ 1 ОЗНАЧУВА ДЕКА КОНКРЕТНАТА АКТИВНОСТ ВО МНОГУ МАЛА МЕРА МОЖЕ ДА ПРИДОНЕСЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА, А 5 ДЕКА МОЖЕ ДА ПРИДОНЕСЕ ВО МНОГУ ГОЛЕМА МЕРА . | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во многу мала мера<br>**S1** | **S2** | **S3** | **S4** | Во многу голема мера<br>**S5** | **Без одговор** | **Не знам** |
| **Одржување редовни (месечни, тромесечни) конференции за печат од страна на судовите** | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| **Организациски измени – воведување посебен оддел за комуницирање со јавноста** | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| **Редовни обуки на стручните служби** | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| **Слободен пристап на јавноста до судските одлуки** | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| **Кадровско доекипирање на судовите** | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |
| **Друго, забележете** ________________________________ | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 98 | 99 |

**A7** **Која од следниве изјави најблиску го опишува процесот на распределба на предмети на судиите во судот во кој работите?** ВЕ МОЛИМЕ ЗАОКРУЖЕТЕ САМО ЕДЕН ОДГОВОР

1. Во судот е инсталиран систем за автоматска распределба на предметите и секој предмет се доделува на судија по електронски пат (по случаен избор)
2. Во судот постои пракса на комбинирано доделување на предметите - по електронски пат, преку писарница или од претседателот на судот
3. Во судот нема инсталирано систем за електронска распределба на предметите - доделувањето предмети се врши преку писарница или од претседателот на судот
4. Во судот е инсталиран систем за автоматска распределба на предметите но не се употребува - доделувањето предмети се врши преку писарница или од претседателот на судот

99. Не знам/Без одговор

| A8 | Во табелата се наведени неколку изјави кои се однесуваат на Здружението на судиите на Република Македонија.<br>**Ве молам одредете до кој степен се согласувате или не се согласувате со секоја од следниве изјави:** | ВЕ МОЛИМЕ ЗАОКРУЖЕТЕ САМО ЕДНА ОЦЕНА ЗА СЕКОЈА ОД ДАДЕНИТЕ ИЗЈАВИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Воопшто не се согласувам** | **Не се согласувам** | **Се согласувам** | **Потполно се согласувам** | **Без одговор** | **Не знам** |
| 1 | Здружението се грижи за заштитата на статусот на судиите | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 2 | Здружението треба поактивно да го штити членството при напади на судската професија и углед | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 3 | Здружението треба редовно да доставува коментари на предлог закони од областа на правосудството до соодветните предлагачи | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 4 | Здружението треба да покренува иницијативи за изменување и донесување закони релевантни за судството | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 5 | Здружението треба да има поактивна улога во заштитата на интересите на судиите | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |

Ве молиме дадете го Вашето дополнително мислење/коментар/предлози:

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

| А9 | Во табелата се наведени неколку изјави кои се однесуваат на соработка на судот со органите на државната управа.<br><br>**Ве молиме одредете до кој степен се согласувате или не се согласувате со секоја од следниве изјави:** | ВЕ МОЛИМЕ ЗАОКРУЖЕТЕ САМО ЕДНА ОЦЕНА ЗА СЕКОЈА ОД ДАДЕНИТЕ ИЗЈАВИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Воопшто не се согласува м** | **Не се согласувам** | **Се согласува м** | **Потполно се согласувам** | **Без одговор** | **Не знам** |
| 1 | Судовите треба да располагаат со повеќе законски и практични механизми со цел соработката со другите органи на државната управа да биде на повисоко ниво | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 2 | При решавање на тековни предмети (прибавување докази, постапување по наредби и сл.) судиите наидуваат на проблеми во соработката со органите на државната управа | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 3 | Финансиските проблеми на судовите значајно се одразуваат на соработката со органите на државната управа | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |

Ве молиме дадете го Вашето дополнително мислење/коментар/предлози:

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

| А10 | Во табелата се наведени неколку изјави кои се однесуваат на регулативите и финансирањето на судството во земјава.<br>**Ве молам одредете до кој степен се согласувате или не се согласувате со секоја од следниве изјави:** | ВЕ МОЛИМЕ ЗАОКРУЖЕТЕ САМО ЕДНА ОЦЕНА ЗА СЕКОЈА ОД ДАДЕНИТЕ ИЗЈАВИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Воопшто не се согласува м** | **Не се согласувам** | **Се согласува м** | **Потполно се согласувам** | **Без одговор** | **Не знам** |
| 1 | Законската поставеност дава доволно простор за целосна финансиска независност на судството | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 2 | Судството е финансиски зависно и покрај постоењето самостоен судски буџет | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 3 | Средствата определени со судскиот буџет се недоволни за покривање на реалните трошоци во спроведувањето на правдата | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 4 | Судството треба да генерира повеќе свои средства кои би се влевале во судскиот буџет | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 5 | Сегашната поставеност на судскиот буџетски совет не дава ефикасни резултати | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |

Ве молиме дадете го Вашето дополнително мислење/коментар/предлози:

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

| A11 | Ве молиме одредете до кој степен се согласувате или не се согласувате со секоја од следниве изјави: | ВЕ МОЛИМЕ ЗАОКРУЖЕТЕ САМО ЕДЕН ОДГОВОР | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Се согласувам | Потполно се согласувам | Без одговор | Не знам |
| 1 | Задоволен/на сум од висината на платата за моето работно место | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 2 | За поуспешно извршување на моите работни задачи ми е потребна стручна континуирана обука | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 3 | Висината на платите се во согласност со одговорноста на работното место | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 4 | Зголемувањето на платите ќе го намали степенот на можна корупција | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 5 | Задоволен/на сум од тоа што мојот претпоставен знае да го препознае квалитетот на мојата работа | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 6 | Судот во кој работам ми нуди можности за професионална надградба | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 7 | Задоволен/на сум од техничките ресурси (компјутерска опрема, е-пошта, телефон) што ги имам на располагање | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 8 | Судиите во судот во кој работам се соочуваат со надворешни влијанија и притисоци врз независноста на нивното одлучување | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 9 | Се чувствувам безбедно при вршењето на судиската функција во просториите на судот во кој работам | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 10 | Во судот во кој работам, судиите при постапувањето и одлучувањето се независни и самостојни | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 11 | Во судскиот систем постојат ефективни механизми за заштита на судиската функција од притисоци/сугестии/обиди за влијанија | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |
| 12 | Во досегашната моја работа не сум имал/а потреба да ги користам постоечките механизми за заштита на судиската функција | 1 | 2 | 3 | 4 | 98 | 99 |

| A12 | Ве молиме одредете: | ВЕ МОЛИМЕ ЗАОКРУЖЕТЕ САМО ЕДЕН ОДГОВОР | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Многу незадоволен | Незадоволен | Задоволен | Многу задоволен | Не знам/ Без одговор |
| B32 | Во колкава мера сте задоволни од Вашата работна средина/ работно опкружување? | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 |
| B33 | Во колкава мера сте задоволни од Вашата плата? | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 |
| B34 | Во колкава мера сте задоволни од можноста за напредување? | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 |

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ ЗА ВАШИОТ ПРИДОНЕС!**

# АНЕКС 2

**НАПОМЕНА:**

Дел од графиконите прикажани во подолу претставениот Статистички извештај (Анекс 2) при вкупното собирање на процентите даваат збир од 101% , а дел од нив даваат збир од 99%. Причината за ваквата пресметка е начинот на кој алатката за пресметување функционира. Имено, во дадените графикони сите проценти се преставени како цели бројки, но при процесирањето на резултатите, во зависност од тоа колку испитаници одговориле или не одговориле на конкретното прашање, резултатот може да се појави и како децимален број. Софтверот преку кој се обработуваат податоците ги заокружува децималните броеви согласно математички правила, односно се што е над 0.5 се смета за 1 и се што под 0.5 се смета за 0.

СММРИ Скопје

Дел од Стратеџик Пулс Групацијата и член на ЕСОМАР

Извештај

# Независност на судството

## За: Организацијата за безбедност и соработка во Европа

Јули 2009

# КЛУЧНИ НАОДИ

- Во истражувањето учество земаа 421 учесници.
- Запрашани да оценат во колкава мера при процесот на одлучување судиите во судот во кој работат се соочуваат со притисоци/сугестии/обиди за влијанија испитаниците одговориле дека во најголема мера чувствуваат притисок од претставниците на извршната власт (со средна оцена 2,4); потоа ги навеле претставниците на политичките партии (2,3), претставниците на бизнис секторот (1,8), учесниците во постапката (1,7), членовите на Судскиот совет (1,7), судии од повисок ранг (1,7), колеги судии (1,5), претставници на меѓунардоната заедница (1,3).
- Од аспект на *директни или индиректни притисоци/сугестии/обиди за влијание врз независноста на личната работа на судиите*, повторно најчесто притисоците доаѓаат од страна на претставниците на извршната власт. Така, на скала од 1 – никогаш, до 4 – постојано, испитаниците оцениле дека средната оцена на честотата на притисоци од разни страни изгледа на следниот начин: претставници на извршната власт – 1,8, претставници на политичките партии – 1,7, учесници во постапката (адвокати, јавен обвинител итн) – 1,5, претставници на бизнис секторот – 1,5, судии од повисок ранг – 1,5, колеги судии – 1,4, членови на судскиот совет – 1,4, додека, најретко притисоци испитаниците чувствуваат од страна на преставниците на меѓународната заедница – 1,2.
- *Работата на Судскиот совет на Република Македонија*, разлгедуван преку степенот на согласување со изјави поврзани со неговото функционирање, каде што 1 значи воопшто не се согласувам, а 4 значи потполно се согласувам, е исто така оценета како подложна на притисоци. Набљудувано преку средната оцена на степенот на согласување, работата на Судскиот совет на РМ изгледа вака: изборот на членови на судскиот совет – 3,1, начинот на избор и разрешување е подложен на притисоци – 3, начинот на избор на членовите на Судскиот совет треба да се измени – 3, мандатот на членовите на Судскииот совет треба да биде пократок – 2,9, изборот на членови на Судскиот совет кои судиите ги избираат од своите редови е фер и транспарентен – 2,5, Судскиот совет треба да има членови кои се назначени по функција – 2,1, во пракса Судскиот совет во своето работење е независен орган – 2,1, Судскиот совет успешно се грижи за заштита на независноста на судството – 2, дисциплинската постапка и постапката за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судската функција се спроведуваат на објективен начин – 2, начинот на избор на судии е објективен и транспарентен – 2, за унапредување на судиите се применуваат критериуми кои се објективни, мерливи и правични – 1,9, Судскиот совет ефикасно се грижи за заштитата на угледот на судиите – 1,9, постои ефективна постапка за утврдување на одговорност на членовите на Судскиот совет – 1,9, Судскиот совет треба да има членови кои се се избираат од законодавната власт – 1,8, министерот за правда треба да учествува во работата на Судскиот совет – 1,8.
- Што се однесува пак до *довербата на граѓаните во судовите*, испитаниците скоро идентично ја оценуваат довербата на граѓаните кон сите судови во земјата како и кон судот во кој тие лично работат (во колкав степен граѓаните имаат доверба во судот во кој работите – 3,5; во колкав степен граѓаните имаат доверба во судовите во земјата – 3,1).
- Запрашани за начините на кои може да се *придонесе за зголемување на транспарентоста во работењето на судството* испитаниците сметаат дека во најголема мера тоа може да се постигне со кадровско доекипирање на судовите (средна оцена на влијанието 4,2, каде што 1 значи во многу мала мера, а 5 – во многу голема мера), потоа со редовни обуки на стручните служби – 3,9, организациски измени 0, воведување посебен оддел за комуницирање со јавноста – 3,4, слободен пристан на јавноста до судските одлуки – 3 и одржување редовни (месечни, тромесечни) конференции за печат од страна на судовите – 2,7.
- Што се однесува пак до *процесот на распределба на предметите на судиите во судот во кој работат*, 65,1% од испитаниците одговориле дека во судот е инсталиран систем за автоматска распределба на предметите и секој предмет се доделува на судија по електронски пат (случаен избор); 14% од испитаниците изјавиле дека во нивниот суд постои практика на комбинирано доделување на предметите – по електронски пат, преку писарница или од претседателот на судот; 7,6% од испитаниците тврдат дека во судот нема инсталирано систем за електронска распределба на предметите па нивната распределба се врши преку писарницата или од страна на претседателот на судот, додека 5% од нив изјавиле дека таков систем има но дека не се употребува; 8,3% од испитаниците не дале одговор на ова прашање.
- *Работата на Здружението на судии на Република Македонија*, оценувана според степенот на согласување со понудените изјави, каде со 1 е означено потполното несогласување, а со 4 – потполното согласување, според мислењето на испитаниците треба да биде поактивна: здружението треба да има поактивна улога во заштитата на интересите на судиите (среден степен на согласување – 3,9); здружението треба да покренува иницијативи за изменување и донесување закони релевантни за судството – 3,8; здружението треба поактивно да го штити членството при напади на судската професија и углед – 3,8; здружението треба редовно да доставува коментари на предлог закони од областа на правосудството до соодветните предлагачи – 3,8; според мислењето

на испитаниците, здружението на судии недоволно се грижи за заштитата на статусот на судиите – среден степен на согласување – 1,7.

- *Соработката на судовите со другите органи на државната управа* е оценувана според степенот на согласување со изјавите со кои истата е опишана (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам). Според мислењето на испитаниците, судовите треба да располагаат со повеќе законски и практични механизми со цел оваа соработка да биде подигната на повисоко ниво (среден степен на согласување со оваа изјава – 3,6); според мислењето на испитаниците, финансиските проблеми на судовите значително се одразуваат на соработката со органите на државната управа (средна вредност на степенот на согласување – 3,3); 3,2 – при решавањето на тековните предмети, судиите наидуваат на проблеми во соработката со органите на државната управа.
- Користејќи ја истата скала за степенот на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам), испитаниците го изразија своето мислење за *регулативите и финансирањето на судството во земјава* на следниот начин: средствата определени со судскиот буџет се недоволни за покривање на реалните трошоци во спроведувањето на правдата – 3,5; судството треба да генерира повеќе свои средства кои би се влевале во судскиот буџет – 3,4; судството е финансиски зависно и покрај постоењето на самостоен судски буџет – 3,3; сегашната поставеност на судскиот буџетски совет не дава ефикасни резултати – 3,3; законската поставеност дава доволно простор за целосна финансиска независност на судството – 2.
- Што се однесува пак до изјавите со кои е измерено *задоволството на судиите*, на согласување наидоа следниве изјави: зголемувањето на платите ќе го намали степенот на можна корупција – 3,2; за поуспешно извршување на работните задачи потребна е стручна континуирана обука – 3,1; во досегашната работа не сум имал/а потреба да ги користам постоечките механизми за заштита на судската функција – 3,1; во судот во кој работам судиите при постапувањето и одлучувањето се независни и самостојни – 2,9; се чувствувам безбедно при вршењето на судската функција во просториите на судот во кој работам – 2,7; задоволен сум од тоа што мојот претпоставен знае да го препознае квалитетот на мојата работа – 2,6. Од друга страна пак, на несогласување наидоа изјавите: висината на платите е во согласност со одговорноста на работното место – 2; во судскиот систем постојат ефективни механизми за заштита на судиската функција од притисоци/сугестии/обиди за влијанија – 2,1; задоволен/на сум од висината на платата за моето работно место – 2,2; судот во кој работам ми нуди можности за професионална надградба – 2,4; задоволен/на сум од техничките ресурси што ги имам на располагање – 2,4.
- *Општото задоволство на испитаниците* според средната вредност на степенот на согласување, мерен на скала од 1 – многу незадоволен, до 4 – многу задоволен, не е на високо ниво: задоволство од работната средина/работното опкружување – 2,8; задоволство од платата – 2,4; задоволство од можоста за напредување – 2,2.

# РЕЗУЛТАТИ

## Во колкава мера при процесот на одлучување судиите во судот во кој работите се соочуваат со притисоци/сугестии/обиди за влијание – средна оцена (1 – воопшто не се соочуваат со притисоци, 5 – во голема мера се соочуват со притисоци)

База: Испитаници кои дале одговор на прашањето



## Притисоци од страна на ... претставници на меѓународната заедница

База: Сите испитаници



## Притисоци од страна на ... претставници на бизнис секторот

База: Сите испитаници



## Притисоци од страна на ... претставници на политички партии

База: Сите испитаници



## Притисоци од страна на ... претставници на извршната власт (Владата, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи итн.)

База: Сите испитаници



## Притисоци од страна на ... колеги судии

База: Сите испитаници



## Притисоци од страна на ... судии од повисок ранг (Претседател на судот, претседател или судии на повисоките судови)

База: Сите испитаници



## Притисоци од страна на ... членови на Судскиот совет

База: Сите испитаници



## Притисоци од страна на ... учесници во постапката (адвокати, јавен обвинител, итн.)

База: Сите испитаници



## Колку често се среќавате со одредени директни или индиректни притисоци/сугестии/обиди за влијание врз независноста на Вашето работење – средна оцена (1 – никогаш, 4 – постојано)

База: Испитаници кои дале одговор на прашањето



## Колку често... претставници на меѓународната заедница

База: Сите испитаници



## Колку често... претставници на бизнис секторот

База: Сите испитаници



## Колку често... претставници на политички партии

База: Сите испитаници



## Колку често... претставници на извршната власт (Владата, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи итн.)

База: Сите испитаници



## Колку често... колеги судии

База: Сите испитаници



## Колку често... судии од повисок ранг (Претседател на судот, претседател или судии на повисоките судови)

База: Сите испитаници



## Колку често... членови на Судскиот совет

База: Сите испитаници



## Колку често... учесници во постапката (адвокати, јавен обвинител, итн.)

База: Сите испитаници



## Функционирање на Судскиот совет на Република Македонија – средна оцена на степенот на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Испитаници кои дале одговор на прашањето



## Министерот за правда треба да учествува во работата на Судскиот совет – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Во пракса Судскиот совет во своето работење е независен орган – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Изборот на членови на Судскиот совет кои судиите ги избираат од своите редови е фер и транспарентен – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Начинот на избор на членовите на Судскиот совет треба да се измени – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Судскиот совет треба да има Членови кои се избираат од законодавната власт – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Судскиот совет треба да има членови кои се назначени по функција – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Мандатот на членовите на Судскиот совет треба да биде пократок – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Постои ефективна постапка за утврдување на одговорноста на членовите на Судскиот совет – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



Изборот на членови на Судскиот совет е подложен  на притисоци и влијанија – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Судскиот совет успешно се грижи за заштита на независноста на судството – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Начинот на избор на судии е објективен и транспарентен – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Дисциплинската постапка и постапката за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција се спроведуваат на објективен начин – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Начинот на избор и разрешување е подложен на притисоци – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## За унапредување на судиите се применуваат критериуми кои се објективни, мерливи и правични – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Судскиот совет ефикасно се грижи за заштитата на угледот на судиите – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Доверба во судовите – средна оцена (1 – најмал степен на доверба, 5 – највисок степен на доверба)

База: Испитаници кои дале одговор на прашањата



## Според Вашето мислење, во колкав степен граѓаните имаат доверба во работата на судовите во земјава – степен на доверба (1 – најмалку доверба, 5 – најмногу доверба)

База: Сите испитаници



## Според Вашето сознание, во колкав степен граѓаните имаат доверба во работата на судот во кој работите – степен на доверба (1 – најмалку доверба, 5 – најмногу доверба)

База: Сите испитаници



## Во колкава мера секоја од следниве активности може да придонесе за зголемување на транспарентноста во работењето на судството во земјата – средна оцена (1 – во многу мала мера, 5 – во многу голема мера)

База: Испитаници кои дале одговор на прашањата



# Одржување редовни (месечни, тромесечни) конференции за печат од страна на судовите

База: Сите испитаници



# Организациски измени - воведување посебен оддел за комуницирање со јавноста

База: Сите испитаници



## Редовни обуки на стручните служби

База: Сите испитаници



## Слободен пристап на јавноста до судските одлуки

База: Сите испитаници



## Кадровско доекипирање на судовите

База: Сите испитаници



# Која од следниве изјави најблиску го опишува процесот на распределба на предмети на судиите во судот во кој работите?

База: Сите испитаници

| | Тотал |
|---|---|
| Вкупно испитаници | 421 |
| Во судот е инсталиран систем за автоматска распределба на предметите и секој предмет се доделува на судија по електронски пат (случаен избор) | 65.1% |
| Во судот постои пракса на комбинирано доделување на предметите – по електронски пат, преку писарница или од претседателот на судот | 14.0% |
| Во судот нема инсталирано систем за електронска распределба на предметите – доделувањето на предметите се врши преку писарница или од претседателот на судот | 7.6% |
| Во судот е инсталиран систем за автоматска распределба на предметите но не се употребува – доделувањето на предметите се врши преку писарница или од претседателот на судот | 5.0% |
| Не знам/Без одговор | 8.3% |
| Тотал | 100% |

## Работа на Здружението на судии на Република Македонија – средна оцена на степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Испитаници кои дале одговор на прашањата



## Здружението се грижи за заштитата на статусот на судиите – степен на согласување (1 - воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Здружението треба поактивно да го штити членството при напади на судската професија и угледот на судиите – степен на согласување (1 - воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Здружението треба редовно да доставува коментари на предлог закони од областа на правосудството до соодветните предлагачи судиите – степен на согласување (1 - воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Здружението треба да покренува иницијативи за изменување и донесување закони релевантни за судството и судиите – степен на согласување (1 - воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Здружението треба да има поактивна улога во заштита на интересите на судиите– степен на согласување (1 - воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Соработка на судот со органите на државната управа – средна оцена на степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Испитаници кои дале одговор на прашањата



## Судовите треба да располагаат со повеќе законски и практични механизми со цел соработката со другите органи на државната управа да биде на повисоко ниво – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## При решавање тековни предмети (прибавување докази, постапување по наредби и сл.) судиите наидуваат на проблеми во соработката со органите на државната управа – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Финансиските проблеми на судовите значајно се одразуваат на соработката со органите на државната управа – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Регулативи и финансирање на судството – средна оцена на степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Испитаници кои дале одговор на прашањата



## Законската поставеност дава доволно простор за целосна финансиска независност на судството – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Судството е финансиски зависно и покрај постоењето самостоен судски буџет – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Средствата определени со судскиот буџет се недоволни за покривање на реалните трошоци во спроведувањето на правдата – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Судството треба да генерира повеќе свои средства кои би се влевале во судскиот буџет – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Сегашната поставеност на судскиот буџетски совет не дава ефикасни резултати – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Задоволство на судиите – средна оцена на степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 – потполно се согласувам)

База: Испитаници кои дале одговор на прашањата



## Задоволен/на сум од висината на платата за моето работно место – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## За поуспешно  извршување на моите работни задачи ми е потребна стручна континуирана обука – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



# Висината на платите е во согласност со одговорноста на работното место – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Зголемувањето на платите ке го намали степенот на можна корупција – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Задоволен/на сум од тоа што мојот претпоставен знае да го препознае квалитетот на мојата работа – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Судот во кој работам ми нуди можности за професионална надградба – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



Задоволен/на сум од техничките ресурси (компјутерска опрема, е-пошта, телефон) што ги имам на располагање – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Судиите во судот во кој работам се соочуваат со надворешни влијанија и притисоци врз независноста на нивното одлучување – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Се чувствувам безбедно при вршењето на судиската функција во просториите на судот во кој работам – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Во судот во кој работам, судиите при постапувањето и одлучувањето се независни и самостојни – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Во судскиот систем постојат ефективни механизми за заштита на судиската функција од притисоци/сугестии/обиди за влијанија – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Во досегашната моја работа не сум имал/а потреба да ги користам постоечките механизми за заштита на судиската функција – степен на согласување (1 – воопшто не се согласувам, 4 - потполно се согласувам)

База: Сите испитаници



## Општо задоволство на судиите – средна оцена на степен на задоволство (1 – многу незадоволен, 4 – многу задоволен)

База: Испитаници кои дале одговор на прашањата



# Во колкава мера сте задоволни од Вашата работна средина/ работно опкружување? - степен на задоволство (1 – многу незадоволен, 4 – многу задоволен)

База: Сите испитаници



Во колкава мера сте задоволни од Вашата плата? - степен на задоволство (1 – многу незадоволен, 4 – многу задоволен)

База: Сите испитаници



## Во колкава мера сте задоволни од можноста за напредување? - степен на задоволство (1 – многу незадоволен, 4 – многу задоволен)

База: Сите испитаници



# АНЕКС 3

## СОВЕТ НА ЕВРОПА

## КОМИТЕТ НА МИНИСТРИ

## ПРЕПОРАКА бр. Р (94) 12

## ОД КОМИТЕТОТ НА МИНИСТРИ ДО ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ ЗА НЕЗАВИСНОСТА, ЕФИКАСНОСТА И УЛОГАТА НА СУДИИТЕ

**(Усвоена од Комитетот на министри на 13 октомври 1994 година на 518-от состанок на замениците министри)**

Комитетот на министрите, врз основа на членот 15-б од Статутот на Советот на Европа,

Имајќи го предвид членот 6 од Конвенцијата за правата на човекот и основните слободи (понатаму во текстот наречена "Конвенција") со што се утврдува дека "секое лице има право праведно, јавно и во разумен рок да биде сослушано од страна на независен и непристрасен суд, одреден со закон";

Имајќи ги предвид основните правила на Обединетите нации за независноста на судството, прифатени од Генералното собрание на Обединетите нации во ноември 1985г.;

Ценејќи ја важната улога што ја играат судиите и другите лица кои вршат правосудни функции во заштитата на правата на човекот и основните слободи; со желба да се унапреди независноста на судиите и со цел да се зајакне владеењето на правото во демократските држави;

Свесен за потребата од зајакнување на позицијата и овластувањето на судиите заради воспоставување ефикасен и праведен судски систем;

Свесен за корисноста од обезбедување правилно извршување на судските одговорности кои претставуваат збир на задачи и овластувања насочени кон заштита на интересите на сите лица;

Им препорачува на владите на државите членки да ги усвојат и засилат потребните мерки за јакнење на улогата на секој судија одделно и судството во целина и да ја подобрат нивната независност и ефикасност, применувајќи ги особено следниве правила:

### Примена на препораката

1. Оваа препорака се однесува на сите лица кои вршат судски функции, вклучувајќи оние кои работат по прашања од областа на уставното, кривичното, граѓанското, трговското и управното право.

2. Правилата изнесени во оваа препорака се однесуваат на судиите поротници и на другите лица кои вршат судски функции, освен ако од контекстот јасно не

произлегува дека тие правила се однесуваат само на судиите професионалци, како што е во случајот со правилата што се однесуваат на платата и кариерата на судиите.

**Правило I – Општи правила за независноста на судиите**

1. Треба да се превземаат сите потребни мерки за да се почитува, заштити и унапреди независноста на судиите.

2. Особено, треба да се преземат следните мерки:

   а. Независноста на судиите треба да е гарантирана, во согласност со одредбите на Конвенцијата и уставните правила, на пример со внесување на јасни одредби за таа цел во уставите и другите законски текстови или со вклучување на одредбите од оваа препорака во домашното право. Според правните традиции на секоја држава, овие одредби ќе можат да го предвидат, на пример, следното:

      I. одлуките на судиите не треба да подлежат на преиспитување надвор од жалбените постапки предвидени со закон;
      II. мандатот на судиите и нивните плати треба да се гарантирани со закон;
      III. Ниеден друг орган, освен самите судови, не треба да одлучува за нивната надлежност, како што е определено со закон;
      IV. со исклучок на одлуките што се однесуваат на амнестија, помилување или слични мерки, владата или управниот орган не можат да бидат овластени да донесуваат одлуки со кои ретроактивно се поништуваат судските одлуки.

   б. Извршната и законодавната власт треба да гарантираат дека судиите се независни и дека не се прифатливи мерки кои можат да ја доведат во опасност нивната независност.

   в. Секоја одлука што се однесува на професионалната кариера на судиите треба да се заснова врз објективни критериуми, а селекцијата и кариерата на судиите врз заслугите, земајќи ги предвид нивните квалификации, чесност, способност и ефикасност. Надлежниот орган за селекцијата и за кариерата на судиите треба да е независен од владата и управните органи. За да се гарантира неговата независност треба да се внесат одредби со кои ќе се предвиди, на пример, дека селекцијата ја врши судската власт и дека самиот орган одлучува за сопствените процедурални правила.

   Меѓутоа, кога уставот, законот или традициите дозволуваат владата да интервенира при именувањето на судиите треба да се обезбеди постапките за именување на судиите да бидат спроведени само врз основа на споменатите објективни критериуми.

   Би можело, на пример, да се примени една или повеќе од следните гаранции:

      I. посебен, независен и надлежен орган, овластен да дава совети на владата кои ќе се применат во практиката;

II. Право на поединецот да поднесе жалба против одлуката до независен орган; или

III. орган овластен за донесување одлука, заштитен од секакво неприлично и незаконито влијание.

г. Судиите треба да ги донесуваат своите одлуки потполно независно, без никакви ограничувања, без да бидат предмет на влијанија, поттикнувања, притисоци, закани или забранети директни или индиректи мешања, од која било страна или поради која било причина. Во законот треба да се предвидат санкции против лицата кои на тој начин сакаат да влијаат врз судиите. Судиите треба да бидат апсолутно слободни непристрасно да одлучуваат по предметите, според нивното лично убедување и толкување на фактите, во согласност со постојните прописи. Судиите не треба да се обврзани за својата одлука да информираат некое лице надвор од судот.

д. Распоредување на предметите не треба да се врши ниту врз основа на желбите на било која странка во спорот, ниту на друго лице заинтересирано за исходот на постапката. Тоа распоредување може, на пример, да се направи со влечење ждрепка или по пат на автоматско распоредување според азбучен ред или на друг сличен начин.

ѓ. Судијата не треба да се изземе од одлучување по определен предмет без оправдана причина, како на пример тешка болест или постоење личен интерес во таа област. Секоја таква причина како и постапките за изземање на некој судија од одлучувањето по некој предмет треба да ја донесе орган кој има иста независност како судиите.

е. Судиите, кои се именувани или избрани, се постојани се до достигнувањето на задолжителната возраст за пензионирање или истекот на мандатот.

## Правило II – Авторитет на судиите

1. Сите лица на кои се однесува спорот, вклучувајќи ги и државните органи или нивни претставници, треба да го почитуваат авторитетот на судијата.

2. Судиите треба да располагаат со доволно овластувања за да бидат во можност да ги вршат своите функции, да го зачуваат својот авторитет и достоинството на судот.

## Правило III – Соодветни услови за работа

1. Заради обезбедување соодветни услови за ефикасно работење на судиите, особено е потребно:

   а. да се изберат доволен број на судии и да им се овозможи потребна обука, на пример судска пракса и, ако е можно, во други органи или инстанции, пред да бидат именувани или во текот на нивната кариера. Таа обука треба да е бесплатна за судијата и да се однесува особено на поновите закони и

судска практика. Ако е потребно, во обуката треба да се вклучат и студиски престои во европски и светски органи и судови;

б. да се обезбеди статусот и платата на судиите да бидат во сразмерност со достоинството на нивната професија и одговорностите што тие ги имаат;

в. да се предвиди точно определен систем на кариера заради избирање и задржување на способни судии;

г. на судиите да им се стави на располагање соодветен помошен кадар и опрема, особено канцелариски и информатички материјали, за да можат да работат ефикасно и без неоправдани одолговлекувања;

д. да се преземат соодветни мерки за доверување на вонсудските задолженија на други лица, во согласност со Препораката бр. Р (86) 12 за мерките за спречување и намалување на преоптовареноста на судовите.

2. Треба да се преземат сите потребни мерки за гарантирање на безбедноста на судиите, особено со обезбедување на присуство на полиција во просториите на судовите или полициска заштита на судиите кои можат да станат или се жртви на сериозни закани.

**Правило IV – Здруженија**

Судиите треба да бидат слободни да основаат здруженија кои, сами или со друг орган, имаат задача да ја зачуваат нивната независност и да ги заштитат нивните интереси.

**Правило V - Судски одговорности**

1. Во постапките судиите се должни да ги заштитуваат правата и интересите и слободите на сите лица.

2. Судиите се должни и треба да имаат овластување да ги вршат своите судски задачи за да се обезбеди правилна примена на законот, а споровите да бидат решени непристрасно, ефикасно и брзо.

3. Судиите треба да ги имаат особено следните одговорности:

   а. по сите предмети да работат независно и заштитени од секакви надворешни влијанија;

   б. да одлучуваат на непристрасен начин врз основа на нивната сопствена процена на фактите и нивното толкување на законот, да обезбедат сите страни да бидат сослушани, а процедуралните права на странките да бидат почитувани во согласност со одредбите на Конвенцијата;

   в. да се воздржат од одлучувањето по одреден предмет или да се откажат ако постојат оправдани причини, и само во тој случај. Таквите причини треба да

бидат определени со закон и можат да се однесуваат, на пример, на сериозни здравствени проблеми, постоење на личен интерес по предметот или интерес на правдата;

г. ако е потребно, на страните да им се објаснат одделни процедурални прашања на непристрасен начин;

д. во одделни случаи, да се охрабрат страните да постигнат спогодба;

ѓ. освен ако законот или востановената практика поинаку не предвидуваат, да ги образложат нивните одлуки, јасно и целосно користејќи лесно разбирливи термини;

е. да следат посебна обука за вршење на нивните функции на соодветен и ефикасен начин.

**Правило VI – Неизвршување на одговорностите**
**и дисциплински прекршоци**

1. Кога судиите не ги извршуваат нивните должности на соодветен и ефикасен начин или во случај на дисциплински прекршоци, треба да се преземат сите потребни мерки, но са,о ако не задираат во судската независност. Според уставните начела и судската пракса на секоја држава, тие мерки можат да бидат, на пример, следните:

   а. изземање на судијата;
   б. преместување на судијата на други судски задачи во рамките на судот;
   в. парични казни како што е намалување на платата за одредено време;
   г. суспензија

2. Судиите со траен мандат не можат да бидат разрешени без оправдани причини, се додека не ги исполнат условите за стекнување старосна пензија. Тие причини, кои треба да бидат прецизно дефинирани со закон, можат да се применат во земјите каде судијата се избира на одреден период, или може да се однесуваат на случаите кога судијата е неспособен да ја врши судската функција или сторил кривично дело или тешки повреди на дисциплинските правила.

3. Кога треба да се преземат мерките од ставовите 1 и 2 на овој член, државите треба да ја испитаат можноста за формирање, во согласност со законот, специјално тело надлежно за примена на санкциите и дисциплинските мерки, кога тие не се разгледуваат од суд, и чии одлуки треба да ги контролира повисок судски орган, или тоа самото ќе биде повисок судски орган. Во законот треба да бидат предвидени соодветни постапки со кои на судиите им се даваат на располагање сите гаранции на една правична постапка, гаранции кои се предвидени со Конвенцијата, на пример, можноста во разумен рок да бидат сослушани и да имаат право да одговорат на секое обвинение против нив.

# АНЕКС 4

# Основни начела за независноста на судството на Обединетите нации

## усвоени од страна на Седмиот конгрес на Обединетите нации за превенција на криминалот и постапување со престапниците одржан во Милано од 26.08. до 06.09. 1985 година и одобрени со резолуциите на Генералното собрание 40/32 од 29.11.1985 и 40/146 од 13.12.1985 година

Со оглед на тоа што во Повелбата на Обединетите нации, народите на светот ја потврдуваат, меѓу другото, својата одлучност да воспостават услови во кои може да се обезбедува правда, со цел постигнување меѓународна соработка во унапредувањето и поттикнувањето на почитувањето на човековите права и основните слободи, без каква било дискриминација,

Со оглед на тоа што Универзалната декларација за човекови права особено ги штити начелата на еднаквост пред законот, на презумпцијата на невиност и правото на правично и јавно сослушување од страна на надлежен, независен и непристрасен суд, формиран со закон,

Со оглед на тоа што Меѓународните пактови за економски, социјални и културни права и за граѓански и политички права го гарантираат остварувањето на тие права, а освен тоа, Пактот за граѓански и политички права дополнително го гарантира правото на судење без неоправдано одолжување на постапката,

Со оглед на тоа што во многу случаи сè уште постои расчекор меѓу визијата која лежи во основата на овие начела и фактичката состојба,

Со оглед на тоа што организацијата на правосудниот систем и правораздавањето во секоја земја треба да бидат инспирани од овие начела и треба да се вложат напори за нивно преточување во реалност,

Со оглед на тоа што правилата што се однесуваат на извршувањето на судиската функција треба да се стремат кон овозможување на судиите да делуваат во согласност со тие начела,

Со оглед на тоа што судиите имаат должност да носат конечни одлуки за животот, слободите, правата, должностите и имотот на граѓаните,

Со оглед на тоа што Шесттиот конгрес на Обединетите нации за превенција на криминалот и постапување со престапниците, преку својата Резолуција бр. 16, го повика Комитетот за превенција и контрола на криминалот да го вклучи меѓу своите приоритети, изготвувањето насоки во врска со независноста на судиите и изборот, стручната обука и статусот на судиите и обвинителите,

Со оглед на тоа што поради горенаведеното, би било соодветно, прво да се размисли за улогата на судиите во корелација со системот на правдата и со важноста на нивниот избор, обука и однесување,

Следниве основни начела, формулирани, со цел да им помогнат на земјите членки во нивната задача да ја осигурат и да ја унапредуваат независноста на судството, треба да бидат земени предвид и да бидат почитувани од страна на владите, во рамките на нивните национални законодавства и практика и со нив да ги запознаат судиите, адвокатите, припадниците на извршната и законодавната власт и јавноста во целина. Начелата се формулирани така што главно се земени предвид професионалните судии, но, тие важат еднакво и за судиите-поротници, таму каде што ги има.

**Независност на судството**

1. Државата е должна да ја гарантира независноста на судството, која треба да биде заштитена во Уставот или законите на земјата. Сите владини и други институции се должни да ја почитуваат и запазуваат независноста на судството.

2. Судството е должно да одлучува во случаите кои ги суди непристрасно, врз основа на факти и во согласност со законот, без какви било ограничувања, несоодветни влијанија и побуди, притисоци, закани или мешања - директни или индиректни - од која било страна или заради која било причина.

3. Судството има надлежност врз сите прашања од правосудна природа и има ексклузивно право да одлучи дали едно прашање доставено до него на одлучување е во рамките на неговата надлежност утврдена со законот.

4. Не смее да има никакво несоодветно или непотребно нарушување на судскиот процес, ниту пак смеат одлуките донесени од судовите да бидат подложувани на ревизија. Ова начело не се однесува на ревизијата од страна на друг суд или на ублажувањето или замената за поблага казна од страна на надлежните органи на казните изречени од судството, во согласност со законот.

5. Секој има право да биде суден од судови или трибунали со општа надлежност, согласно воспоставени правни процедури. Не смее да се создаваат трибунали што нема да ги користат соодветно воспоставените процедури од правниот процес, за тие да го заземат местото на судската надлежност, која им припаѓа на судовите со општа надлежност или на трибуналите.

6. Начелото на независност на судството му дава право и бара од судството да обезбеди судските постапки да се спроведуваат на правичен начин и да се почитуваат правата на страните во постапката.

7. Секоја држава членка е должна да обезбеди соодветни ресурси, со кои ќе му се овозможи на судството да ги извршува соодветно своите функции.

**Слобода на изразување и здружување**

8. Во согласност со Универзалната декларација за човекови права, припадниците на судската професија, како и сите други граѓани, имаат право на слобода на изразување, убедување, здружување и собирање, секако под услов - при остварувањето на тие свои права - судиите секогаш да се однесуваат на начин што ќе го зачува достоинството на нивната функција и непристрасноста и независноста на судството.

9. Судиите слободно можат да формираат и да се зачленуваат во здруженија на судии или други организации, кои ќе ги застапуваат нивните интереси, ќе ја унапредуваат нивната стручна обука и ќе ја штитат независноста на судството.

**Квалификации, избор и обука**

10. Лицата избрани за судиска функција треба да бидат луѓе со интегритет и способност и со соодветна наобразба или квалификации во областа на правото. Методите за избор на судиите, треба да штитат од назначувања судии, поради несоодветни побуди. При изборот на судии, не смее да се врши дискриминација против никого, по основ на раса, боја на кожата, пол, вера, политичко или друго убедување, национално или социјално потекло, имотна состојба, раѓање или статус, со тој исклучок што барањето кандидатот за судиска функција да мора да биде државјанин на соодветната земја нема да се смета за дискриминаторско.

**Услови на службата и мандат**

11. Мандатот на судиите, нивната независност, безбедност, соодветно наградување, услови на службата, пензиите и возраста за пензионирање, треба да бидат соодветно загарантирани со закон.

12. Судиите, без оглед дали се именувани или избрани, имаат загарантиран мандат, до возраста за задолжително пензионирање или до истекувањето на мандатот, таму каде таков постои.

13. Унапредувањето на судиите, таму каде постои таков систем, треба да се заснова врз објективни фактори, особено врз способноста, интегритетот и искуството.

14. Распределбата на предметите меѓу судиите во рамките на судот на кој му припаѓаат е внатрешно прашање на судската администрација.

15. Судството е обврзано на професионална тајност, во поглед на донесувањето на судските одлуки и во поглед на доверливите информации до кои судиите дошле во текот на извршувањето на нивните службени должности, освен во постапките со присуство на јавност и не смеат да бидат приморани да сведочат за такви прашања.

16. Без ова да се однесува на некоја дисциплинска постапка или на правото на жалба или на обештетување од страна на државата, во согласност со националното право, судиите треба да уживаат личен имунитет од граѓански тужби за парични оштети, поради несоодветни дејства или пропусти во извршувањето на судиската функција.

**Дисциплинска одговорност, суспензија и разрешување**

17. Секоја пријава или жалба поднесена против судија, во однос на неговата судиска или стручна работа, треба да се процесира брзо и правично, во соодветна постапка. Судијата има право на правично сослушување. Испитувањето на

случајот во почетната фаза, треба да се чува во доверливост, освен ако судијата не побара поинаку.

18. Судиите треба да подлежат на суспензија или разрешување, само поради причините на неспособност или однесување, кое ги прави несоодветни за извршување на нивните должности.

19. Сите постапки за изрекување дисциплинска мерка, суспензија или разрешување на судија, треба да се утврдат во согласност со воспоставените стандарди за судиско поведение.

20. Одлуките донесени во постапки за изрекување дисциплинска мерка, суспензија или разрешување на судија, треба да подлежат на независна ревизија. Ова начело може да не важи за одлуки донесени од највисокиот суд и од страна на законодавната власт, во постапки за „импичмент" или слична постапка.